ЗАКОН ЗА БАНКИТЕ

Пречистен текст – Неофицијална верзија[1]

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува основањето, работењето, супервизијата и престанокот на работењето на банките и на филијалите на странски банки во Република Македонија, како и отворањето и работењето на филијали на банки од земји членки на Европската унија и директното вршење на финансиски активности од банки од земји членки на Европската унија.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Банка" е правно лице со дозвола од гувернерот на Народната банка на Република Македонија основано согласно со одредбите од овој закон, чија основна дејност е прибирање депозити и други повратни извори на средства од јавноста и одобрување на кредити во свое име и за своја сметка;
2. „Системски значајна банка“ е банка со седиште во Република Македонија чие работење со сериозни проблеми или престанување со работење (пропаѓање) може да доведе до појава на системски ризик;
3. "Депозит" е побарување од банката во пари, со или без камата или надомест од кој било вид, наплативо веднаш или на определен рок, зависно од условите договорени при вложување на паричните средства;
4. "Банкарски активности" се прибирање на депозити и одобрување на кредити во свое име и за своја сметка;
5. "Акционер на банка" е правно или физичко лице кое поседува акции во банка;
6. "Лице" е домашно и/или странско правно и физичко лице;
7. "Поврзани лица" се две или повеќе лица кои:

- претставуваат единствен ризик, бидејќи едно од нив директно или индиректно остварува контрола во другото или во другите лица и
- не се поврзани преку контрола, но претставуваат единствен ризик, бидејќи се меѓусебно поврзани на тој начин што финансиските проблеми кај едното од нив може да предизвика проблеми во отплата на обврските на друго и/или на другите лица.

Две физички лица се сметаат за поврзани доколку едното физичко лице е брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница, дете или посвоено дете, родител или лице под старателство на другото физичко лице;

8. "Поврзани лица со банка" се:

---

[1] Пречистениот текст на овој закон го опфаќа Законот за банките ("Службен весник на Република Македонија" бр.67/07, бр.90/09, бр.67/10, бр.26/13, бр.15/15 , 153/15 и 190/16) и Одлуките на Уставен суд на Република Македонија бр.182/2007 од 09.07.2008 година; бр.228/2007 од 09.07.2008 година; бр.229/2007 од 10.09.2008 година; бр.149/2008 од 11.03.2009 година и бр.43/2013 од 4.12. 2013 година.

- подружници на банката и други лица со кои банката има блиски врски,
- акционери со квалификувано учество во банката и со нив поврзаните лица, како и одговорните лица на тие акционери - правни лица и
- лица со посебни права и одговорности во банката и со нив поврзаните лица;
9. "Блиски врски" се кога две и/или повеќе лица се поврзани преку учество или контрола, како и кога две и/или повеќе лица се контролирани од исто лице;
10. "Контрола" претставува:
- директно или индиректно поседување на мнозински влог во друго правно лице или
- директно или индиректно поседување на мнозинството од правата на глас во друго правно лице или
- право да се назначува и разрешува мнозинството членови на органите на управување на друго правно лице, директно или индиректно, вклучувајќи и склучен договор со еден или повеќе акционери на другото правно лице за отстапување или здружување на нивните права на глас заради остварување заеднички интереси или
- право да се остварува, директно или индиректно, значително влијание врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки на друго правно лице;
11. "Банка од земја членка на Европската унија" е правно лице регистрирано и со седиште во земја членка на Европската унија кое од надлежен орган на земјата членка добило овластување за вршење на банкарски активности и е под супервизија на надлежен орган овластен со закон или друг пропис во таа земја;
12. "Странска банка" е правно лице регистрирано и со седиште надвор од Република Македонија кое од надлежен орган на земјата добило овластување за вршење на банкарски активности и е под супервизија на надлежен орган овластен со закон или друг пропис во таа земја;
13. "Матична земја" е земја членка на Европската унија во која банка или друга соодветна институција добила овластување и има регистрирано седиште;
13-а. „Земја домаќин" е земја членка на Европската унија која не е матична земја, а во која банка од друга земја членка врши финансиски активности преку филијала или директно;
14. "Овластување" е документ во каква било форма издаден од орган овластен со закон или друг пропис со кој се дава право за вршење на банкарски активности;
15. "Надлежен орган" е орган овластен со закон или друг пропис за издавање на овластување и/или супервизија на банки или други соодветни институции кои вршат банкарски активности;
16. "Подружница" е правно лице кое е контролирано од друго правно лице (матично лице). Секоја подружница на подружницата се смета за подружница на матичното лице;
17. "Банкарска група" е банка или финансиско холдинг друштво со седиште во Република Македонија кои остваруваат контрола врз или учествува во една или повеќе други банки, други небанкарски финансиски институции или друштва за

помошни услуги на банка, при што банката или финансиското холдинг друштво се сметаат за матично лице на банкарската група, додека сите останати членки на групата се сметаат за подредени лица на тоа матично лице;
18. "Финансиско холдинг друштво" претставува небанкарска финансиска институција, чии подружници се банки или небанкарски финансиски институции, кои учествуваат во вкупната актива на друштвото со најмалку 80%, при што барем една подружница е банка;
19. „Помошни банкарски услуги" се услуги на управување со недвижности, управување и водење на информативниот систем или системот за обработка на податоци или други слични услуги што се сметаат како помошни активности на финансиските активностите што ги вршат една или повеќе банки;
19-а. „Друштво за помошни банкарски услуги" е друштво чијашто основна дејност е вршење една или повеќе помошни банкарски услуги;
20. "Учество" е директно или индиректно поседување на најмалку 20% од вкупниот број на акции или удели или од правата на глас на други лица;
21. "Квалификувано учество во банка" е директно или индиректно поседување на најмалку 5% од вкупниот број на акции или од издадените акции со право на глас во банка или кои овозможуваат значително влијание врз управувањето на банката;
22. "Почетен капитал" е минимален износ на капитал пропишан со овој закон што акционерите на банка се должни да го запишат и уплатат;
23. "Кредит" е пласирање на одреден износ на пари во замена за отплата на одобрениот и ненамирен износ, заедно со каматата или заедно со камата и провизијата пресметани на тој износ;
24. "Препорака" е совет даден на банка од страна на гувернерот на Народната банка на Република Македонија во писмена форма со цел поефикасно извршување на работите или информирање на банката;
25. "Писмено предупредување" е обврзувачка препорака дадена од страна на гувернерот на Народната банка на Република Македонија за надминување на констатирани незаконитости и неправилности во работењето на банката во определен рок, со најава за преземање построги мерки, доколку истата не се почитува;
26. "Лице со посебни права и одговорности" е физичко лице кое е член на надзорен одбор, член на управен одбор, член на одбор за ревизија, член на одбор за управување со ризици и други раководни лица во банката согласно со статутот на банката. Во случај на филијала на странска банка, лице со посебни права и одговорности е физичко лице кое управува со филијалата;
27. "Независен член" е физичко лице и со него поврзани физички лица, кое:
- не е вработено или не е лице со посебни права и одговорности во банката,
- не е акционер со квалификувано учество во банката или не застапува акционер со квалификувано учество во банката,

- не работи, односно во последните три години не работело во друштвото за ревизија кое во тој период вршело ревизија на работењето на банката и
- во последните три години, немало материјален интерес или деловен однос со банката во вредност која просечно годишно надминува 3.000.000 денари;
28. "Репутација" е чесност, компетентност, работливост и поседување особини кои даваат сигурност дека лицето нема да влијае во насока на загрозување на стабилноста и сигурноста на банка и нарушување на нејзиниот углед и доверба;
29. „Сопствени средства“ е збир на основниот капитал и дополнителниот капитал на банката, а основниот капитал се состои од редовен основен капитал и додатен основен капитал;
29-а) „Системски ризик“ е ризик од нарушувања во финансискиот систем со потенцијал да предизвика сериозни негативни последици врз финансискиот систем и целата економија;
29-б) „Задолженост“ е сооднос меѓу вкупната билансна и вонбилансна актива на банката и нејзините сопствени средства;
30. "Мерки" се дејствија преземени од страна на гувернерот на Народната банка на Република Македонија за отстранување на неправилностите, неусогласеностите и незаконитостите во работењето на банката;
31. "Мерки за реорганизација" се мерки што ги презема надлежен орган со цел да ја одржи или да ја подобри финансиската состојба на банката, како што е докапитализација, администрација, суспензија на плаќања и слично и кои можат да влијаат на правата што ги стекнале трети лица;
32. "Филијала" е организационен дел на банка кој нема својство на правно лице и кој директно ги извршува сите или дел од активностите кои ги врши банката;
33. "Претставништво" е дел од банка, без статус на правно лице, кој може да го истражува пазарот во областа на финансиското и банкарското работење и не смее да врши финансиски активности;
34. "Небанкарска финансиска институција" е правно лице кое не е банка или штедилница, чија основна дејност се вршење на:
- една или повеќе финансиски активности, и тоа: одобрување кредити; менувачки работи; издавање електронски пари, доколку е регулирано со посебен закон; издавање и администрирање на кредитни картички; финансиски лизинг; факторинг; форфетинг; издавање на гаранции и други форми на обезбедување; економско-финансиски консалтинг; работи на осигурување во согласност со закон; посредување во склучување договори за кредити и заеми; работи во врска со хартии од вредност, во согласност со закон; вршење на услуги брз трансфер на пари, управување со инвестициски фондови и управување со пензиски фондови. Небанкарските финансиски институции ги вршат овие активности во согласност со посебен закон, доколку активностите се регулирани со посебен закон или
- стекнување учество во правни лица кои вршат една или повеќе финансиски активности од алинеја 1 на оваа точка;

35. "Нефинансиска институција" е правно лице кое не е банка и не е небанкарска финансиска институција;
36. "Стекнување акции" е запишување, уплата, купување и наследување на акции, како и добивање акции по пат на компензација, подарок, залог, судска одлука и други начини утврдени со закон;
37. „Кредит во крајна инстанца" е кредит што го одобрува Народната банка на Република Македонија на банка согласно со Законот за Народната банка на Република
Македонија;
38. „Договор за кредит во крајна инстанца" е договор склучен меѓу Народната банка на Република Македонија и банка, со кој Народната банка на Република Македонија на банката и одобрува кредит во крајна инстанца, а банката го осигурува кредитот во крајна инстанца со инструменти за обезбедување и
39. „Трансакции со поврзани лица со банката" се трансакции со лица поврзани со банката коишто произлегуваат од билансни и вонбилансни побарувања на банката, склучени договори за услуги, купување и продажба на активa, договори за изведување градежни работи, договори за закуп, користење позајмици и субординирани и хибридни инструменти, како и отпис врз основа на трансакции со поврзани лица со банката.

Член 3

Банкарски активности може да врши само:
1) банка која од гувернерот на Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: гувернерот) добила дозвола за основање и работење;
2) странска банка која од гувернерот добила дозвола за отворање и работење на филијала и
3) банка од земја членка на Европската унија која, во согласност со овој закон, отворила филијала или е овластена директно да врши финансиски активности во Република Македонија.

Член 4

(1) Зборот "банка" или од него изведени зборови не смеат да се употребуваат во името на трговско друштво или друго правно лице и нивните организациони делови, кое нема дозвола од гувернерот за основање и работење на банка или за отворање и работење на филијала на странска банка или кое не е филијала на банка од земја членка на Европската унија.
(2) Филијала на странска банка и филијала на банка од земја членка на Европската унија го користи името на банката како во земјата во која е регистрирано седиштето на банката со задолжително наведување на седиштето и зборот "филијала".
(3) Трговско друштво или друго правно лице и нивните организациони делови со име кое упатува на банка, а нема дозвола од гувернерот за основање и работење на банка

или за отворање и работење на филијала на странска банка, односно не е филијала на банка од земја членка на Европската унија, не може да биде запишано во трговскиот регистар што се води во Централниот регистар.

Член 5

Лица кои немаат дозвола од гувернерот и кои не се филијали на банки од земји членки на Европската унија или не вршат финансиски активности согласно со одредбите од Главата VI-а од овој закон не смеат да прибираат депозити.

Член 6

(1) Одредбите од овој закон се однесуваат и на банки основани со посебен закон, освен ако со тој закон поинаку не е уредено.
(2) На работењето на банките основани и со седиште во Република Македонија, на филијалите на странски банки и на филијалите на банки од земји членки на Европската унија се применуваат одредбите на Законот за трговските друштва, освен ако со овој закон поинаку не е уредено.
(3) На банките не се применуваат одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва во случаите кога се презема помалку од 50% плус 1 акција од вкупниот број на акции со право на глас во банката и кога во случаите утврдени со овој закон акциите ги продава Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).

II. ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ

Член 7

(1) Банка може да ги врши следниве активности:
1) прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
2) кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
3) кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
4) издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
5) издавање на електронски пари, доколку е уредено со посебен закон;
6) финансиски лизинг;
7) менувачки работи;
8) платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
9) брз трансфер на пари;
10) издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
11) изнајмување сефови, остава и депо;
12) тргување со инструменти на пазарот на пари;
13) тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;

14) тргување со хартии од вредност;
15) тргување со финансиски деривати;
16) управување со средства и портфолио на хартии од вредност за клиенти и/или инвестициско советување на клиенти;
17) давање на услуги на чување на имот на инвестициски и пензиски фондови;
18) купопродажба, гарантирање или пласман на емисија на хартии од вредност;
18-а) чување на хартии од вредност за клиенти;
18-б) советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;
19) продажба на полиси за осигурување;
20) посредување во склучување договори за кредити и заеми;
21) обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
22) економско-финансиски консалтинг и
23) други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка.
(2) Банка не може директно да извршува работи од областа на индустријата, трговијата или други нефинансиски активности.

Член 8 - Избришан (Закон за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 26/13))

Член 9 – Избришан (Закон за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 190/16)).

Член 10

(1) За депозит на физичко лице банката задолжително издава документ во кој недвосмислено е наведено дека се работи за депозит на физичко лице со наведување на неговите лични податоци.
(2) Банката е должна да води евиденција за секоја уплата на и исплата од депозитна сметка и, на барање на клиентот, да му издаде документ во кој се евидентирани сите уплати и исплати во бараниот период.

Член 11

Банката е должна на видно место во уплатно-исплатните простории да ги објави копиите од решението на гувернерот за издавање дозвола за основање и работење на банката, важечките каматни стапки, општите услови за работење со депозити на физички лица и видот и износот на гаранцијата за депозитите на физички лица.

III. ОСНОВАЊЕ НА БАНКА

1. Форма

Член 12

Банка се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија.

2. Акционери

Член 13

(1) Акционер на банка може да стане домашно и странско правно и физичко лице.

(2) Акционер со квалификувано учество во банка не може да стане лице или правно лице контролирано од лице:

1) укинат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр.182/2007 од 09.07.2008 година);

2) на кое му е изречена прекршочна санкција, или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

2-а) кое за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата;

3) на кое му е изречена споредна казна:

- забрана за добивање дозвола за основање и работа на банка,
- одземање на дозвола за основање и работа на банка,
- забрана за основање на нови правни лица и
- привремена или трајна забрана за вршење на банкарски работи;

4) против кое е поведена стечајна постапка;

5) кое не поседува репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на банката и

6) кое не ги почитува одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од гувернерот, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на банката и нејзините доверители.

3. Почетен капитал

Член 14

(1) Банка се основа со почетен капитал од 310.000.000 денари.

(2) Почетниот капитал од ставот (1) на овој член и сите натамошни зголемувања на почетниот капитал мора да бидат само во паричен облик и да бидат уплатени во целост. Во Трговскиот регистар целосно уплатениот почетен капитал се впишува како основна главнина.

(3) Банката е должна да ја одржува вредноста на почетниот капитал од ставот (1) на овој член.
(4) На банките не се применува обврската од Законот за трговските друштва за задолжително наведување на висината на основната главнина во меморандумот за недозволеност за пребивање на побарувањата на акционерот од банката со уплати на акции во банката и за употреба на општата резерва за дополнување на дивидендата.
(5) Почетниот капитал и сите натамошни зголемувања на почетниот капитал не може да се намалуваат преку враќање на уплатените влогови на акционерите.

4. Приоритетни акции

Член 15

(1) Вкупниот номинален износ на приоритетни акции без право на глас во банка не може да биде поголем од 10% од вкупниот номинален износ на вкупните акции на банката.
(2) На банките не се применува одредбата од Законот за трговските друштва за случаите кога приоритетните акции без право на глас даваат право на глас.

5. Дозвола за основање и работење

Член 16

Гувернерот издава дозвола за основање и работење на банка.

Член 17

(1) Лицата кои имаат намера да основаат банка поднесуваат барање до Народната банка за издавање дозвола за основање и работење на банка. Кон барањето за издавање дозвола се приложуваат следниве документи, податоци и информации:
1) предлог-акт за основање;
2) стратешки и оперативен план на банката со проекција на финансиските извештаи за следните пет години;
3) предлог име на банката;
4) висина на почетниот капитал и изјава дека истиот ќе биде уплатен;
5) извори на средства за уплата на почетниот капитал;
5-а) потврда од Управата за јавни приходи или, за странски лица, потврда одсоодветна институција за редовно плаќање на даноци и придонеси;
6) укинат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр.229/2007 од 10.09.2008 година);
7) идентитет на лицата кои имаат намера да основаат банка и бројот на акциите на секој од нив;
8) доказ за финансиската состојба на лицата кои имаат намера да основаат банка;
9) идентитет, образование, искуство и професионална историја на предложените членови на надзорниот и управниот одбор;
10) организациона структура на банката;

11) системи за внатрешна контрола и за управување со ризиците;
12) финансиски активности што ќе ги врши банката;
13) докази во врска со членот 13 од овој закон и
14) информативен систем и техничка опременост на банката.
(2) Правните лица кои имаат намера да стекнат квалификувано учество во банка, покрај документите, податоците и информациите од ставот (1) на овој член со барањето доставуваат и:
1) извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на правното лице;
2) акт за основање и список на членови на органите на управување на правното лице;
3) список на лица кои во правното лице поседуваат, директно или индиректно, повеќе од 10% од акциите, односно уделите и
4) список на правни лица во кои правното лице поседува, директно или индиректно, повеќе од 10% од акциите, односно уделите со финансиски извештаи за последните три години.
(3) Странска банка и/или странско лице со учество во странска банка кои имаат намера да стекнат контрола во банка, покрај документите, податоците и информациите од ставовите (1) и (2) на овој член, кон барањето за издавање дозвола за основање и работење приложуваат и:
1) извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на странската банка и/или странското лице со учество во странската банка;
2) доказ дека странската банка е овластена за прибирање на депозити и други повратни извори на средства во земјата во која е регистрирано седиштето на банката;
3) мислење од надлежните органи на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка во врска со стекнувањето контрола во банката и
4) доказ дека надлежниот орган на странската банка практикува адекватна супервизија на консолидирана основа, најмалку на начин и во обем пропишани со овој закон.
(4) Покрај наведените во ставовите (1), (2) и (3) од овој член гувернерот може да бара и дополнителни документи, податоци и информации и да спроведе интервју со предложените членови на управниот и надзорниот одбор и со лицата кои имаат намера да стекнат квалификувано учество во банка.
(5) Документите, податоците и информациите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член начинот на нивното доставување како и начинот и постапката за нивно оценување, подетално ги пропишува Советот на Народната банка.

Член 18

(1) По барањето од членот 17 на овој закон гувернерот донесува решение за издавање на привремена дозвола или за одбивање на барањето во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на барањето. Во рокот од 90 дена не се пресметуваат роковите кои ги определува гувернерот за комплетирање на поднесеното барање и периодот од поднесување на барање од страна на гувернерот до надлежни домашни и странски

органи и институции за добивање документи, податоци и информации потребни за одлучување по барањето, при што од денот на поднесувањето на барањето до денот на одлучувањето на гувернерот по истото не можат да поминат повеќе од 180 дена.
(2) Гувернерот го одбива барањето од членот 17 на овој закон, доколку:
1) барањето не ја содржи комплетната документација;
2) барањето содржи неточни или невистинити податоци;
3) лицето од членот 17 на овој закон не може да биде акционер според членот 13 од овој закон;
4) расположливите податоци и информации укажуваат дека лицето од членот 17 на овој закон и/или лицата поврзани со него, како последица на правната или финансиската состојба, односно начинот на кој работи или природата на неговите активности, индицира тенденција на висок ризик со што може да биде загрозена стабилноста, сигурноста и репутацијата на банката, односно нејзиното работење во согласност со прописите;
5) финансиската и економската состојба на лицето од членот 17 на овој закон не е во согласност со вредноста на акциите што има намера да ги стекне;
6) почетниот капитал е помал од пропишаниот со членот 14 став (1) од овој закон;
7) постои основана причина да се сомнева во легалноста на потеклото на парите, репутацијата или вистинскиот идентитет на лицето од членот 17 на овој закон и/или лицата поврзани со него;
8) од доставените документи, податоци и информации од членот 17 ставови (1), (2), (3) и (4) на овој закон произлегува дека банката нема да работи сигурно, стабилно и во согласност со прописите, односно дека нема да биде управувана на начин кој ќе обезбеди сигурност на доверените средства;
9) постоењето блиски врски или организациската или сопственичката структура на банката или на групата на која ќе ѝ припаѓа, може да го отежне извршувањето ефикасна супервизија и преземањето корективни мерки, на поединечна или на консолидирана основа;
10) предложените членови на надзорниот и управниот одбор не ги исполнуваат критериумите потребни за нивно именување;
11) оцени дека стекнувањето на акции од страна на лицето од членот 17 на овој закон ќе доведе до несакан развој на финансискиот систем или
12) не се исполнети другите барања за издавање на дозвола за основање и работа.
(3) При одлучувањето согласно со ставот (1) од овој член гувернерот оценува дали банката ќе биде организирана и способна да работи согласно со прописите, пропишаните супервизорски стандарди и начелата на транспарентност и сигурност, дали ги исполнува стандардите за корпоративно управување и управување со ризиците, ги оценува квалификацијата, искуството и репутацијата на предложените членови на надзорниот одбор, управниот одбор и лицата од членот 17 на овој закон и реалноста на стратешкиот и оперативниот план и проекцијата на финансиските извештаи.

(4) Доколку гувернерот го одбие барањето поради постоење на причините од ставот (2) точка 7 на овој член, за тоа веднаш ја известува Управата за финансиско разузнавање.
(5) Советот на Народната банка го пропишува начинот на утврдување на поврзани лица.

Член 19

Во привремената дозвола се наведуваат условите што треба да ги исполни банката за добивање дозвола за основање и работење, и тоа:
1) уплата на почетниот капитал;
2) изработка на статут;
3) предлог на лицата со посебни права и одговорности, освен за членовите на надзорниот и управниот одбор со информации за нивниот идентитет, образование, искуство и професионална историја;
4) план за вработување со квалификациона структура и обука на персоналот на банката;
5) изнајмување или купување на деловен простор и опрема за работа и воспоставување на оперативен систем;
6) изработка на политики и процедури за работење на банката во писмена форма и
7) ангажирање на друштво за ревизија.

Член 20

(1) Банката е должна да ги исполни условите од членот 19 на овој закон во рок од 180 дена од издавањето на привремената дозвола за што поднесува писмени докази до Народната банка.
(2) Врз основа на оцената за усогласеноста на банката со условите содржани во привремената дозвола, гувернерот одлучува со решение за издавање на дозвола за основање и работење на банка или за одбивање на барањето од членот 17 на овој закон во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на писмените докази од ставот (1) на овој член. Во рокот од 60 дена не се пресметуваат роковите што ги определува гувернерот за комплетирање на доказите и периодот од поднесувањето на барањето од страна на гувернерот до надлежни домашни и странски органи и институции за добивање документи и информации потребни за одлучување, при што од денот на поднесувањето на доказите до денот на одлучувањето од страна на гувернерот по истото, не можат да поминат повеќе од 90 дена.
(3) При одлучувањето согласно со ставот (2) од овој член гувернерот оценува дали банката ќе биде организирана и способна за работа согласно со прописите, пропишаните супервизорски стандарди и начелата на транспарентност и сигурност, дали ги исполнува стандардите за корпоративно управување и управување со ризици, ги оценува квалификацијата, искуството и репутацијата на предложените членови на надзорниот одбор, управниот одбор и лицата од членот 17 на овој закон и реалноста на стратешкиот и оперативниот план и проекцијата на финансиските извештаи.

(4) При одлучувањето од ставот (2) на овој член гувернерот оценува дали банката и понатаму ги исполнува условите врз основа на кои била издадена привремената дозвола за што може да бара нови докази, документи и информации.
(5) Решението за издавање дозвола за основање и работење од ставот (2) на овој член содржи:
1) име и седиште на банката;
2) име, презиме и адреса на физички лица, односно име и седиште на правни лица кои запишале и уплатиле акции, со номинален износ и број на запишани и уплатени акции;
3) износ на почетниот капитал на банката;
4) финансиски активности што може да ги врши банката и
5) согласност на статутот на банката.
(6) Секоја промена во смисла на ставот (5) од овој член е составен дел на решението.
(7) Банката не смее да врши финансиски активности кои не се наведени во решението од ставот (5) на овој член.

Член 21

(1) Статутот на банката се усвојува во рок од 30 дена од денот на добивањето на решението за издавање на дозвола за основање и работење од членот 20 став (2) на овој закон.
(2) Банката е должна да започне со работа во рок од 90 дена од донесувањето на решението за издавање на дозвола за основање и работење од членот 20 став (2) на овој закон.

6. Дозвола за статусни промени

Член 22

(1) За добивање дозвола за статусни промени на банка, банката е должна да поднесе барање до Народната банка.
(2) Советот на Народната банка ја пропишува документацијата, постапката и критериумите за добивање дозвола за статусни промени на банка.
(3) По барањето од ставот (1) на овој член гувернерот донесува решение за издавање дозвола или за одбивање на барањето во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на барањето. Во рокот од 90 дена не се пресметуваат роковите кои ги определува гувернерот за комплетирање на поднесеното барање и периодот од поднесување на барање од страна на гувернерот до надлежни домашни и странски органи и институции за добивање документи и информации потребни за одлучување по барањето, при што од денот на поднесувањето на барањето до денот на одлучувањето на гувернерот по истото не можат да поминат повеќе од 180 дена.
(4) Статусни промени на присоединување, спојување и поделба можат да се вршат само на банки основани и со седиште во Република Македонија.

(5) На постапката за статусна промена во банка не се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на известување на доверителите.

Член 23

Банката е должна да донесе одлука за статусни промени во рок од 45 дена од денот на добивањето на решението за издавање дозвола од членот 22 став (3) на овој закон.

7. Упис во трговски регистар

Член 24

(1) Банката стекнува својство на правно лице со упис во трговскиот регистар што се води кај Централниот регистар.
(2) Пријава за упис во трговскиот регистар се поднесува во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на статутот согласно со членот 21 став (1) од овој закон.
(3) Кон пријавата за упис во трговскиот регистар се поднесуваат:
1) статут на банката;
2) решение за издавање дозвола за основање и работење на банката;
3) доказ дека се уплатени паричните средства на име почетен капитал на привремена сметка кај носител на платниот промет, односно доказ дека странското лице ги уплатило девизните средства на посебна сметка кај Народната банка и
4) други документи согласно со прописите за упис во регистарот.
(4) Во случај на зголемување на почетниот капитал, банката е должна до Централниот регистар да достави пречистен текст на статутот во рок од осум дена по влегувањето во сила на одлука за измени и/или дополнувања на статутот од страна на собранието на банката.
(5) Во трговскиот регистар се запишуваат и деловите на банката во согласност со прописите за упис во трговскиот регистар.
(6) Членовите на управниот одбор и членовите на надзорниот одбор на банка се запишуваат во Трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Македонија. Централниот регистар ќе го избрише членот на управниот или надзорниот одбор врз основа на писмено барање и известување од банката за истечена или повлечена согласност за именување на лицето, односно за неиздадена согласност за повторно именување на истото лице за член на управниот или надзорниот одбор.

Член 25

Банката е должна да поднесе пријава за упис на статусна промена во Централниот регистар во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката од членот 23 на овој закон.

Член 26

Во рок од 15 дена по уписот на основањето или статусната промена на банката во трговскиот регистар, банката е должна на Народната банка да и достави примерок од решението за регистрација заедно со документацијата што е доставена за упис во Централниот регистар.

8. Објавување

Член 27

Народната банка на нејзината интернет страна објавува:

1) листа на банки која задолжително содржи име и седиште на банката и податоци за акционерите со квалификувано учество, за членовите на надзорниот одбор и за членовите на управниот одбор;

2) листа на филијали на банки од земји членки на Европската унија која задолжително содржи име и седиште на филијалата и на банката која ја отворила филијалата и податоци за лицата со посебни права и одговорности во филијалата;

3) листа на филијали на странски банки која задолжително содржи име и седиште на филијалата и на банката која ја отворила филијалата и податоци за лицата со посебни права и одговорности во филијалата и

4) листа на банки од земји членки на Европската унија кои директно вршат финансиски активности во Република Македонија која задолжително содржи име и седиште на матичната банка.

IV. ФИЛИЈАЛИ НА БАНКИ ОД ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

1. Право за вршење финансиски активности

Член 28

(1) Банка од земја членка на Европската унија може преку филијала во Република Македонија да ги врши финансиските активности од членот 7 на овој закон за кои е овластена во матичната земја.

(2) На банката од ставот (1) на овој член за нејзиното работење преку филијалата во Република Македонија се применуваат одредбите од овој и друг закон и подзаконските акти донесени врз основа на тие закони што се однесуваат на:

1) спроведување на мерките на монетарната политика;

2) обврска за доставување извештаи за филијалата до Народната банка потребни за спроведување на монетарната политика, за следење на ликвидноста и за активностите на филијалата заради статистички цели;

3) обврска за доставување и објавување на годишните финансиски извештаи согласно со членот 110 ставови (1) и (3) од овој закон;

4) банкарска тајна;

5) спречување на перење пари и финансирање на тероризам и

6) заштита на потрошувачите.

(3) Во правниот промет на територијата на Република Македонија, филијалата на банка од земја членка на Европската унија настапува во име и за сметка на банката од земјата членка на Европската унија, има право да стекнува права и да презема обврски и има право на пристап пред судовите и другите органи на Република Македонија под истите услови како и банките основани согласно со овој закон.
(4) За обврските на филијалата на банка од земја членка на Европската унија настанати во Република Македонија одговара банката со целиот свој имот.

Член 29

Депозитите на филијалата на банка од земја членка на Европската унија се вклучени во шемата за гарантирање на депозити на матичната земја.

2. Започнување со работа

Член 30

(1) Банка од земја членка на Европската унија може да започне со работа во Република Македонија преку филијала по истекот на два месеца од денот кога Народната банка ќе добие известување од надлежниот орган на матичната земја, кое содржи:
1) програма за работа на филијалата која, меѓу другото, содржи информации за банкарските и другите финансиски активности што ќе ја врши и организационата структура на филијалата;
2) податоци за лицата со посебни права и одговорности во филијалата;
3) адреса на филијалата каде што може да се добие документација за филијалата;
4) износ на сопствени средства на банката и стапка на адекватност на капиталот на банката;
5) детален опис на шемата за гарантирање на депозитите во матичната земја од која недвосмислено се гледа дека се гарантирани депозитите на филијалата во Република Македонија и
6) финансиски активности за кои е овластена банката.
(2) Во периодот од два месеца од добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член Народната банка може да утврди услови под кои банката од земја членка од Европската унија може да врши финансиски активности во Република Македонија преку филијала за што ја известува банката и надлежниот орган на матичната земја.
(3) По добивањето на известувањето од ставот (2) на овој член или ако Народната банка не достави такво известување, по истекот на периодот од ставот (1) на овој член, банката од земја членка на Европската унија може да ја запише филијалата во трговскиот регистар согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на постапката за регистрација на подружница на странско трговско друштво. По запишувањето во трговскиот регистар, филијалата на банката од земја членка на Европската унија може да почне со вршење на финансиските активности за кои е овластена.

(4) Банката од земја членка на Европската унија е должна да ја извести Народната банка за секоја намера за промена на податоците кои се наведени во известувањето од ставот (1) точки 1, 2, 3, 5 и 6 на овој член, најмалку еден месец пред настанувањето на промената.

Член 31

Сите филијали на иста банка од земја членка на Европската унија во Република Македонија се сметаат за една филијала.

Член 32

Финансиските извештаи и другата документација за работењето преку филијала во Република Македонија, банката од земја членка на Европската унија ги води на македонски јазик и ги чува централизирано во првоотворената филијала во Република Македонија.

3. Супервизија

Член 33

(1) Надлежниот орган на матичната земја, или од него овластени лица, може да врши теренска контрола на филијала на банка од таа земја членка за што претходно треба да ја извести Народната банка.
(2) При контролата од ставот (1) на овој член надлежниот орган на матичната земја или од него овластени лица, ги има надлежностите на Народната банка од членовите 116 и 117 на овој закон.
(3) На барање на надлежниот орган на матичната земја Народната банка е должна да учествува или да изврши теренска контрола на филијалата на банка од таа земја во Република Македонија.

Член 34

По исклучок на одредбите од членот 33 на овој закон Народната банка врши супервизија на филијала на банка од земја членка на Европската унија отворена во Република Македонија во согласност со членовите 116 и 117 од овој закон со цел да утврди дали филијалата работи во согласност со одредбите од членот 28 став (2) на овој закон и презема мерки во согласност со овој закон.

Член 35

Надлежните органи на матичната земја и Народната банка соработуваат и разменуваат информации заради ефикасна супервизија и следење на работењето на банка од земја членка на Европската унија која има отворено филијала во Република Македонија.

4. Мерки спрема банка или филијала на банка од земја членка на Европската унија

Член 36

(1) Ако банката од земја членка на Европската унија, преку филијалата во Република Македонија не постапува согласно со членот 28 став (2) од овој закон, гувернерот со решение бара банката да ги надмине незаконитостите во утврден рок.

(2) Ако банката од земја членка на Европската унија не постапи согласно со решението од ставот (1) на овој член, Народната банка го известува надлежниот орган на матичната земја кој треба да преземе мерки спрема банката и да ја извести Народната банка за видот на преземените мерки.

(3) Ако, по добивањето на известувањето од ставот (2) на овој член, надлежниот орган на матичната земја не преземе мерки спрема банката или, и покрај преземените мерки, банката од земја членка на Европската унија не ги надмине незаконитостите, гувернерот со решение презема мерки за спречување на незаконитостите или на банката и забранува вршење на финансиски активности преку филијалата во Република Македонија.

(4) Пред да ги преземе мерките од ставот (3) на овој член Народната банка го известува надлежниот орган на матичната земја за видот на мерките и причините поради кои планира да ги преземе тие мерки.

(5) По исклучок од ставовите (2) и (4) на овој член, а заради заштита на интересите на депонентите, Народната банка може без претходно известување на надлежниот орган на матичната земја спрема банката од земја членка на Европската унија да преземе мерки за спречување на незаконитостите или да и забрани вршење на финансиски активности во Република Македонија.

(6) За случајот од ставот (5) на овој член Народната банка, во најкраток можен рок, го известува надлежниот орган на матичната земја.

(7) Ако Народната банка оцени дека спрема филијала, како дел од банка од земја членка на Европската унија, треба да се преземат мерки за реорганизација, за тоа го известува надлежниот орган на матичната земја членка.

5. Мерки за реорганизација

Член 37

(1) Кога се реорганизира банка од земја членка на Европската унија, вклучително и нејзината филијала во Република Македонија, извадок од одлуката се објавува во Службен весник на Европската унија и во најмалку два дневни весници во Република Македонија.

(2) Мерките за реорганизација се применуваат во Република Македонија на денот кога ќе почнат да се применуваат во матичната земја.

(3) Мерките за реорганизација во Република Македонија се применуваат во согласност со прописите и постапките применливи во матичната земја, освен во случаите од членот 41 на овој закон.

Член 38

(1) Надлежниот орган на матичната земја ја известува Народната банка за намерата за преземање мерки за реорганизација пред донесувањето на одлуката за спроведување на мерки за реорганизација на банка, а доколку тоа не е можно, веднаш по донесувањето на одлуката.

(2) Во однос на известување, признавање и пријавување на побарувањата соодветно се применуваат одредбите од членот 42 на овој закон.

6. Стечај и ликвидација

Член 39

(1) Надлежниот орган на матичната земја е единствено овластен да одлучи за отворање на стечајна или ликвидациона постапка на банка, вклучително и на нејзините филијали во Република Македонија.

(2) Одлуката за отворање на стечајна или ликвидациона постапка донесена од надлежните органи на матичната земја се применува во Република Македонија на денот кога истата ќе почне да се применува во матичната земја.

(3) Постапката за стечај или ликвидација се спроведува согласно со прописите на матичната земја, освен во случаите од членот 43 на овој закон.

Член 40

(1) Надлежниот орган на матичната земја ја известува Народната банка за намерата за донесување одлука за отворање стечајна или ликвидациона постапка пред донесувањето на одлуката за отворање на стечајна или ликвидациона постапка на банка, вклучително и на нејзините филијали во Република Македонија, а доколку тоа не е можно, веднаш по донесувањето на одлуката.

(2) Извадок од одлуката од ставот (1) на овој член се објавува во Службен весник на Европската унија и во најмалку два дневни весници во Република Македонија.

Член 41

(1) Лицата назначени да ја водат стечајната или ликвидационата постапка можат да преземат активности во Република Македонија врз основа на одлуката за нивно именување (назначување) издадена од надлежниот орган на матичната земја и заверен превод на македонски јазик на таа одлука пред нотар во Република Македонија.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член во Република Македонија можат да ги вршат сите активности за кои се овластени со прописите на матичната земја.

Член 42

(1) Доколку прописите во матичната земја предвидуваат задолжително пријавување на побарувањата заради нивно признавање, лицата надлежни за спроведување на стечајната или ликвидационата постапка веднаш по отпочнувањето на постапката

поединечно ги информираат познатите доверители со седиште или живеалиште во Република Македонија.
(2) Доверителите со седиште или живеалиште во Република Македонија ги имаат истите права и третман во стечајната или ликвидационата постапка како доверителите со седиште или живеалиште во матичната земја.

Член 43

Во однос на правото на предметите кои во моментот на отворањето на стечајна или ликвидациона постапка се запишани во регистар или друг централизиран систем за регистрирање соодветно се применува правото на земјата во која правата на предметите се регистрирани.

Член 44

Доколку надлежниот орган на матичната земја ја одземе дозволата за вршење на финансиски активности на банка, Народната банка и забранува на филијалата на таа банка во Република Македонија да врши активности.

7. Членство во професионални здруженија

Член 45

Банките од земји членки на Европската унија кои имаат филијали во Република Македонија можат да бидат членки на професионалните здруженија во Република Македонија со еднакви права и обврски како и банките од Република Македонија.

V. ФИЛИЈАЛИ НА СТРАНСКИ БАНКИ

1. Право за вршење финансиски активности

Член 46

(1) Странска банка може преку филијала во Република Македонија да ги врши финансиските активности од членот 7 на овој закон за кои е овластена од надлежен орган во земјата во која се наоѓа седиштето на банката.
(2) Филијалата на странска банка работи согласно со законите на Република Македонија.
(3) Во правниот промет на територијата на Република Македонија, филијалата на странска банка настапува во име и за сметка на банката, има право да стекнува права и да презема обврски и има право на пристап пред судовите и другите органи на Република Македонија под истите услови како и банките основани согласно со овој закон.
(4) За обврските на филијалата на странска банка настанати во Република Македонија, банката одговара со целиот свој имот.
(5) Филијалата на странска банка е должна да пласира средства во Република Македонија во износ од најмалку 20% од прибраните депозити од резиденти во

Република Македонија. Депозитот од членот 48 став (2) на овој закон не се пресметува во износот на пласирани средства во Република Македонија.
(6) Средствата на филијалата можат да се употребат за исплата на обврски на странската банка настанати надвор од Република Македонија само откако ќе се намират обврските произлезени од работењето на филијалата во Република Македонија.
(7) Сите филијали на иста странска банка отворени во Република Македонија се сметаат за една филијала во однос на одржување на потребното ниво на средства согласно со членот 48 став (2) од овој закон.
(8) Со филијалата на странска банка управуваат најмалку две лица кои добиле претходна согласност од гувернерот и барем еден од нив мора да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и да има постојано живеалиште во Република Македонија. Лицата кои управуваат со филијалата мора да ги исполнуваат условите за член на управен одбор пропишани со овој закон.

2. Отворање на филијала на странска банка

Член 47

(1) Странска банка може да отвори филијала во Република Македонија по претходно добиена дозвола од гувернерот за отворање и работа на филијала.
(2) За добивање дозвола за отворање и работа на филијала странската банка поднесува барање до Народната банка кон кое приложува:
1) овластување од надлежен орган на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банката во кое се наведени финансиските активности за кои е овластена банката;
2) дозвола од надлежен супервизорски орган на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка за отворање на филијала во Република Македонија или изјава дека не се противи на отворањето на филијала во Република Македонија;
3) статут на странската банка, односно друг соодветен акт согласно со прописите на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка;
4) список на акционери на странската банка кои поседуваат над 5% од акциите на банката;
5) податоци за членовите на органите на управување и надзор на странската банка и за идентитетот, професионалното искуство и квалификациите (образованието) на предложените лица кои ќе управуваат со филијалата;
6) ревидирани ревизорски извештаи за странската банка за последните три години;
7) податоци за системот за спречување на перење пари на странската банка;
8) доказ дека странската банка е оценета со најмалку БББ согласно со рејтингот на Стандард & Поор'с, Фитцх ИБЦА или Тхомпсон Банк Њатцх или со Баа2 согласно со рејтингот на Моодс'с;
9) план за работа на филијалата кој вклучува и банкарски и други финансиски активности што ќе ги извршува филијалата;

10) доказ за уплата на средствата на сметка на Народната банка и
11) доказ дека супервизорскиот орган во земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка практикува адекватна супервизија на консолидирана основа, најмалку на начин и во обем пропишани со овој закон.
(3) По барањето од ставот (2) на овој член гувернерот одлучува со решение за издавање на дозвола за отворање и работење на филијала на странската банка или за одбивање на барањето, во рок од најмногу 30 дена од денот на поднесувањето на документацијата.
(4) Гувернерот го одбива барањето од ставот (2) на овој член во случаите од членот 18 став (2) точки 1, 2 и 3 и став (3) и членот 92 на овој закон.
(5) Гувернерот го одбива барањето од ставот (2) на овој член и доколку, заради прописите во земјата во која странската банка има регистрирано седиште или заради начинот на кој се спроведуваат тие прописи, оцени дека не е можна ефикасна соработка и размена на информации меѓу Народната банка и супервизорскиот орган на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка или дека извршувањето на супервизијата во согласност со овој закон ќе биде оневозможено.
(6) Странската банка е должна веднаш писмено да ја извести Народната банка за каква било промена на податоците содржани во барањето од ставот (2) на овој член.
(7) Странската банка може дополнително да отвори и друга филијала во Република Македонија само ако претходно до Народната банка и до трговскиот регистар што се води во Централниот регистар достави писмено известување од надлежниот орган на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка дека нема пречки за отворање на филијала.

2. Средства на филијалата

Член 48

(1) Филијалата на странска банка е должна да располага со парични средства во износ од најмалку 120.000.000 денари. Паричните средства ги уплатува странската банка пред добивањето на дозволата за отворање и работење на филијалата, на посебна сметка во Народната банка. По запишување на филијалата во трговскиот регистар паричните средствата се пренесуваат на една или повеќе депозитни сметки на филијалата во банки со седиште во Република Македонија.
(2) Депозитот од ставот (1) на овој член странската банка е должна да го одржува во износ од најмалку 5% од вкупните депозити на филијалата во Република Македонија, но не помалку од 120.000.000 денари, зависно од тоа кој износ е поголем. Во вкупните депозити не се вклучуваат депозитите на странската банка која ја отворила филијалата.
(3) Депозитот од ставот (2) на овој член има третман на сопствени средства на филијалата и не смее да биде предмет на оптоварување и вкаматување од страна на странската банка која ја отворила филијалата.

(4) Странската банка може да повлече дел од депозитот само во случај кога износот е повисок од определениот со ставот (2) од овој член и по претходна согласност од гувернерот.

3. Сметководствена евиденција

Член 49

Странската банка ги води сметководствената евиденција, финансиските извештаи и другата документација за работењето на филијалата во Република Македонија на македонски јазик.

4. Укинување на дозвола за отворање и работење

Член 50

(1) Гувернерот ја укинува дозволата за отворање и работење на филијала на странска банка, во следниве случаи, ако:

1) надлежен орган го одзел овластувањето за вршење на банкарски активности на странската банка која отворила филијала или е покрената стечајна или ликвидациона постапка на странската банка која отворила филијала;

2) странската банка донесе одлука за престанување со работа на филијалата;

3) филијалата престане да ги исполнува обврските во врска со осигурувањето на депозитите;

4) филијалата на странската банка престане да ги исполнува условите и критериумите врз основа на кои е издадена дозволата;

5) депозитот се намали под износот утврден со членот 48 став (2) од овој закон или

6) кај филијалата ги утврди случаите од членот 154 став (1) точки 1, 4, 7, 8, 9, 11, 12 и 14 на овој закон.

(2) Во случај на одземање на дозвола за отворање и работење на филијала на странска банка, соодветно се применуваат одредбите од овој закон за ликвидација и стечај на банка и одредбите од Законот за стечај со кои се уредуваат стечајните постапки со странски елемент.

(3) Депозитот од членот 48 став (2) на овој закон може да се пренесе од депозитните сметки само за исплата на доверителите на филијалата на странска банка во случај на поведени постапки за стечај или ликвидација на филијалата.

5. Известувања и соработка

Член 51

(1) Лицата кои управуваат со филијалата на странска банка и странската банка се должни веднаш да ја известат Народната банка ако кон странската банка или кон некоја нејзина подружница или филијала е покрената постапка за изрекување на мерки од страна на надлежен орган.

(2) За одземањето на дозволата за отворање и работење на филијала на странска банка гувернерот е должен да го извести надлежниот орган на земјата каде што

странската банка има регистрирано седиште, а доколку е тоа можно и пред донесувањето на одлуката за одземање на дозволата за отворање и работење. Известувањето мора да ги содржи и правните последици од одземањето на дозволата за отворање и работење.
(3) Странската банка е должна во писмена форма да ја извести Народната банка најмалку еден месец пред денот на донесувањето на одлуката за престанување со работа на филијала во Република Македонија.

Член 52

Надлежните органи на земјата во која е регистрирано седиштето на странската банка која отворила филијала во Република Македонија и Народната банка соработуваат и разменуваат информации заради ефикасна супервизија и следење на работењето на странската банка и нејзината филијала во Република Македонија.

6. Примена на одредбите од овој закон

Член 53

(1) На филијала на странска банка соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на супервизорски стандарди, управен одбор, извештаи, сметководство и ревизија, банкарска тајна, супервизија, надзор и мерки, освен мерките докапитализација и администрација, стечај на банка, ликвидација на банка и казнени одредби.
(2) Советот на Народната банка поблиску ја утврдува соодветната примена на одредбите од ставот (1) на овој член на филијалата на странска банка.

7. Осигурување на депозитите

Член 54

Депозитите во филијала на странска банка задолжително се осигуруваат во Фондот за осигурување на депозити на Република Македонија под исти услови, како и депозитите на банките со седиште во Република Македонија.

8. Членство во професионални здруженија

Член 55

Странските банки кои имаат филијали во Република Македонија можат да бидат членки на професионалните здруженија во Република Македонија со еднакви права и обврски како и банките со седиште во Република Македонија.

VI. ФИЛИЈАЛИ НА БАНКИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СТРАНСТВО

Член 56

(1) Банки со седиште во Република Македонија кои имаат намера да отворат филијали во странство треба да добијат согласност од гувернерот.

(2) Филијалите на банки со седиште во Република Македонија можат да вршат само банкарски и други финансиски активности за кои банката има дозвола од гувернерот.
(3) За добивање согласност за отворање филијала во странство банката поднесува барање до Народната банка кое содржи информации за:
1) земјата во која има намера да отвори филијала;
2) програма за работа која, меѓу другото, содржи активности што ќе ги врши филијалата и организациона структура на филијалата;
3) адреса на филијалата и
4) идентитет на лицата предложени да управуваат со филијалата.
(4) Со филијалата управуваат најмалку две лица кои ги исполнуваат условите од членот 17 на овој закон за членови на управен одбор на банка со седиште во Република Македонија.
(5) Гувернерот го одбива барањето од ставот (3) на овој член доколку постојат причини кои можат да влијаат негативно на финансиската состојба на банката или доколку, врз основа на прописите на земјата во која се бара отворање на филијала и начинот на примена на тие прописи, оцени дека нема да се остварува соодветна соработка и размена на информации меѓу Народната банка и супервизорскиот орган на земјата во која се бара отворање на филијала и дека ќе биде оневозможена супервизија во согласност со овој закон.
(6) Банката е должна да го извести гувернерот за секоја промена на информациите од ставот (3) на овој член најмалку еден месец пред да настанат промените.

VI-а ДИРЕКТНО ВРШЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ ОД БАНКИ ОД ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Член 56-а

Во смисла на овој закон, се смета дека банка од земја членка директно врши финансиски активности во друга земја членка, во која нема основано филијала и ако:
1) на територијата на таа земја членка склучува правни договори чиј предмет е една или повеќе финансиски активности од членот 7 од овој закон или
2) на територијата на таа земја членка врши финансиски активности преку свои претставници, агенти или на друг начин за физичко или правно лице со живеалиште, постојано место на живеење или седиште во таа земја членка.

Член 56-б

(1) Банка со седиште во Република Македонија која има намера директно да врши финансиски активности во друга земја членка е должна претходно да ја извести Народната банка и да наведе во која земја членка има намера директно да врши финансиски активности.
(2) Заедно со известувањето од ставот (1) на овој член, банката е должна да достави листа на финансиски активности кои има намера да ги врши во земјата членка и бизнис план за првите три финансиски години.

(3) Во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето од ставот (1) на овој член, Народната банка го доставува известувањето до надлежниот супервизорски орган на земјата членка домаќин и за тоа ја известува банката.
(4) Банката може да почне директно да врши финансиски активности наведени во листата од ставот (2) на овој член од денот на приемот на известувањето од ставот (3) на овој член.

Член 56-в

(1) Банка од друга земја членка може да почне директно да врши финансиски активности во Република Македонија од денот кога Народната банка ќе добие известување за тоа од надлежниот супервизорски орган на земјата членка, заедно со листа на услуги кои банката има намера да ги обезбедува во Република Македонија.
(2) Банката од ставот (1) на овој член е должна да ја извести Народната банка за секоја планирана промена во врска со податоците од известувањето од ставот (1) на овој член, најмалку во рок од еден месец пред да настане промената.

Член 56-г

Депозитите на банката која е овластена директно да врши финансиски активности во Република Македонија се вклучени во шемата за гарантирање на депозити на матичната земја.

Член 56-д

(1) Ако банката која директно врши финансиски активности во Република Македонија не постапува согласно со одредбите од овој закон, гувернерот со решение бара банката во определен рок да ги надмине незаконитостите.
(2) Ако банката не постапи согласно со решението од ставот (1) на овој член, Народната банка го известува надлежниот орган на матичната земја кој треба да преземе мерки спрема банката и да ја извести Народната банка за видот на преземените мерки.
(3) Ако по добивањето на известувањето од ставот (2) на овој член, надлежниот орган на матичната земја не преземе мерки спрема банката или, и покрај преземените мерки, банката не ги надмине незаконитостите, гувернерот со решение презема мерки за спречување на незаконитостите или на банката и забранува директно да врши финансиски активности во Република Македонија.
(4) Пред да ги преземе мерките од ставот (3) на овој член Народната банка го известува надлежниот орган на матичната земја за видот на мерките и причините поради кои планира да ги преземе тие мерки.
(5) По исклучок од ставовите (2) и (4) на овој член, а заради заштита на интересите на депонентите Народната банка може, без претходно известување на надлежниот орган на матичната земја спрема банката која директно врши финансиски активности во Република Македонија, да преземе мерки за спречување на

незаконитостите или да и забрани вршење на финансиски активности во Република Македонија.
(6) За случајот од ставот (5) на овој член Народната банка, во најкраток можен рок, го известува надлежниот орган на матичната земја.

VII. СОГЛАСНОСТИ И ИЗВЕСТУВАЊА НА НАРОДНАТА БАНКА

1. Согласности за банка

Член 57

(1) Банката е должна да поднесе барање и да добие претходна согласност од гувернерот за:
1) измена и/или дополнување на статутот на банка;
2) отпочнување со вршење на активностите од членот 7 став (1) точки 5, 8, 9, 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 23 на овој закон;
3) именување на членови на надзорен одбор;
4) именување на членови на управен одбор;
5) основање на подружница, филијала или претставништво на банка во странство или стекнување на капитални делови во банка;
6) основање или стекнување на капитални делови кои изнесуваат над 10% од сопствените средства на банката, директно или индиректно, во небанкарска финансиска институција или во нефинансиска институција;
7) отворање претставништво на странска банка;
8) промена на име и седиште на банка и
9) престанување со работење на банката во случај од членот 168 став (1) точка 1 на овој закон.
(2) Советот на Народната банка ги пропишува видот на документацијата за добивање на согласноста од ставот (1) точки 1, 2, 5, 6, 7 и 8 на овој член и начинот на нејзиното доставување, како и условите и постапката за издавање на согласноста од ставот (1) точки 1, 2, 5, 6, 7 и 8 на овој член.
(3) Во однос на ставот (1) точки 3 и 4 од овој член соодветно се применуваат одредбите од членовите 17 ставови (4) и (5), 18 став (2) точки 1, 2, 4, 9 и 10, 83, 88 и 92 на овој закон.
(4) По барањето за издавање на согласност од ставот (1) точки 1, 6, 7 и 8 на овој член гувернерот донесува решение за издавање на согласност или за одбивање на барањето во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето. Во рокот од 30 дена не се пресметуваат роковите кои ги определува гувернерот за комплетирање на поднесеното барање и периодот од поднесувањето на барање од страна на гувернерот до надлежни домашни и странски органи и институции за добивање документи и информации потребни за одлучување по барањето, при што од денот на поднесувањето на барањето до денот на одлучувањето на гувернерот по истото не може да поминат повеќе од 60 дена.

(5) По барањето за издавање на согласност од ставот (1) точки 2, 3, 4, 5 и 9 на овој член гувернерот донесува решение за издавање на согласност или за одбивање на барањето во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето. Во рокот од 60 дена не се пресметуваат роковите кои ги определува гувернерот за комплетирање на поднесеното барање и периодот од поднесување на барање од страна на гувернерот до надлежни домашни и странски органи и институции за добивање документи и информации потребни за одлучување по барањето, при што од денот на поднесувањето на барањето до денот на одлучувањето на гувернерот по истото не можат да поминат повеќе од 120 дена.

Член 58

(1) За вршење на активностите од членот 7 став (1) точки 3, 13, 14, 15, 16, 17 и 18 на овој закон, освен за тргување со хартии од вредност во земјата, потребен е износ на сопствени средства кој не може да биде помал од 560.000.000 денари.
(2) Согласност за вршење на активностите од членот 57 став (1) точка 2 на овој закон гувернерот може да издаде по претходно издадена дозвола, согласност или мислење од надлежен орган, односно институција, доколку дозволата, согласноста или мислењето се предвидени со друг закон.

2. Согласности на акционери

Член 59

(1) Секое лице кое има намера, директно или индиректно, постапно или одеднаш, да стекне акции чиј вкупен кумулативен номинален износ изнесува или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% и 75% од вкупниот број на акции, односно од вкупниот број на издадени акции со право на глас во банката, без оглед на тоа дали акциите ги стекнува само или заедно со други поврзани лица, директно или индиректно, е должно да поднесе барање до Народната банка за добивање претходна согласност.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член лице кое врз основа на одлука на надлежен орган во согласност со закон стекнало, постапно или одеднаш, акции чиј вкупен кумулативен номинален износ изнесува или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% или 75% од вкупниот број на акции во банка, односно од вкупниот број на издадени акции со право на глас, без оглед на тоа дали акциите ги стекнало само или заедно со други поврзани лица, директно или индиректно, е должно во рок од десет дена од конечноста, односно правосилноста на одлуката, да поднесе барање до Народната банка за добивање согласност за настанатата промена.
(3) Во случаите од ставот (1) на овој член банките і брокерските куќи не смеат да извршат налог за купување, односно трансакција со акции на банка за кои не им е презентирана согласност од гувернерот.
(4) Трансакцијата за стекнување на акциите треба да се изврши во рок од 180 дена од денот на добивањето на согласноста од гувернерот. По истекот на овој рок задолжителна е постапка за добивање на нова согласност.

(5) Во однос на документите и информациите што се приложуваат кон барањето од ставовите (1) и (2) на овој член и постапката за нивно оценување, соодветно се применуваат одредбите од членот 17 ставови (1) точки 5, 6, 7, 8 и 13, (2), (3), (4) и (5) и членот 18 став (3) на овој закон.
(6) Гувернерот го одбива барањето од ставовите (1) и (2) на овој член, ако:
1) барањето не ја содржи комплетната документација;
2) барањето содржи неточни или невистинити податоци;
3) лицето не може да биде акционер според членот 13 од овој закон;
4) расположивите податоци и информации укажуваат дека лицето, и/или лицата поврзани со него, како последица на правната или финансиската состојба, односно начинот на кој работи или природата на неговите активности, индицираат тенденција на висок ризик со што може да биде загрозена стабилноста, сигурноста и репутацијата на банката, односно нејзиното работење во согласност со прописите;
5) финансиската и економската состојба на лицето не е во согласност со вредноста на акциите што има намера да ги стекне;
6) има основана причина да се сомнева во легалноста на потеклото на парите, интегритетот или вистинскиот идентитет на лицето и/или лицата поврзани со него;
7) постоењето блиски врски или сопственичката или организациската структура на лицето или на групата на која ѝ припаѓа, може да го отежне вршењето ефикасна супервизија и преземањето корективни мерки, на поединечна или на консолидирана основа;
8) оцени дека стекнувањето на акции ќе доведе до несакан развој на финансискиот систем.
(7) Гувернерот го одбива барањето од ставовите (1) и (2) на овој член поднесено од страна на странско лице и доколку прописите и практиките на државата од којашто доаѓа странското лице индицираат дека извршувањето на супервизорската функција ќе биде отежнато или оневозможено.
(8) По барањето од ставовите (1) и (2) на овој член гувернерот донесува решение за издавање на согласност или за одбивање на барањето во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето. Во рокот од 30 дена не се пресметуваат роковите кои ги определува гувернерот за комплетирање на поднесеното барање и периодот од поднесување на барање од страна на гувернерот до надлежни домашни и странски органи и институции за добивање документи и информации потребни за одлучување по барањето, при што од денот на поднесувањето на барањето до денот на одлучувањето на гувернерот по истото не можат да поминат повеќе од 90 дена.

Член 60

За решението од членот 59 став (8) на овој закон со кое се одбива барањето во врска со членот 59 став (6) точка 6 од овој закон гувернерот веднаш ја известува Upravata за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

3. Известувања

Член 61

(1) Банката е должна да ја извести Народната банка за:

1) зголемување на почетниот капитал на банката, односно за нова емисија на акции;

2) промена на сопственичката структура на акциите;

3) голема изложеност дефинирана во членот 72 став (1) на овој закон;

4) основање и укинување на делови на банка во земјата;

5) укинување на подружница, филијала или претставништво на банка во странство;

6) промена на лице со посебни права и одговорности, освен за промена на член на надзорен одбор и управен одбор;

7) влошена финансиска состојба на акционер со квалификувано учество или која било друга информација дека акционер со квалификувано учество повеќе не ги исполнува условите од членовите 13, 18 и 59 од овој закон, доколку банката на кој било начин дошла до таква информација;

8) стекнување капитални делови кои изнесуваат помалку од 10% од сопствените средства на банката, директно или индиректно, во небанкарска финансиска институција или во нефинансиска институција;

9) именување на вршител на должноста член на управен одбор на банката од редот на членовите на надзорен одбор на банката и

10) авансна исплата на дивиденда.

(2) За дејствата од ставот (1) точки 1, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 на овој член банката е должна да ја извести Народната банка во рок од пет дена од денот на донесувањето на одлуката за преземање на дејствието, односно од добиеното сознание.

(3) За промените од ставот (1) точки 2 и 3 на овој член банката е должна до Народната банка да доставува месечни извештаи и тоа најдоцна десеттиот ден во тековниот за претходниот месец.

(4) Банката е должна да доставува до Народната банка тримесечни извештаи за состојбата на сите големи изложености.

Член 62

(1) Акционер со квалификувано учество во банка кој има намера да го намали учеството, директно или индиректно, на начин што тоа учество во вкупниот број на акции или вкупниот број на издадени акции со право на глас во банка ќе се намали под 5%, 10%, 20%, 33%, 50% или 75% е должно најмалку еден месец пред да се реализира намалувањето да ја извести Народната банка за:

1) вкупниот број на акции и вкупниот број на издадени акции со право на глас во банката што има намера да ги продаде;

2) износот за кој ќе се намали неговото учество во почетниот капитал;

3) вкупниот број на акции и вкупен број на издадени акции со право на глас во банката што ќе ги поседува по намалувањето и

4) идентитетот на лицето кое ќе ги стекне неговите акции во банката, доколку му е познат.
(2) Акционерите се должни да ја известат Народната банка за склучени договори со кои се здружуваат правата на глас од акциите во банката во рок од пет дена од склучувањето на договорот.

VIII. СУПЕРВИЗОРСКИ СТАНДАРДИ

1. Солвентност и адекватност на капиталот

Член 63

(1) Банката е должна да располага со адекватно ниво на сопствени средства во зависност од природата, видот и обемот на финансиските активности и висината на ризиците кои произлегуваат од извршувањето на тие активности (адекватност на капиталот).
(2) Банката е должна да работи на начин кој ќе овозможи постојано да биде способна да ги исполни сите обврски (солвентност).

Член 64

(1) Стапката на адекватност на капиталот го претставува односот меѓу сопствените средства и ризично пондерираната актива.
(2) Сопствените средства на банка не смеат да изнесуваат помалку од износот на почетниот капитал пропишан со овој закон.
(3) Советот на Народната банка ја пропишува методологијата за пресметка на стапката на адекватност на капиталот на банка во согласност со меѓународните стандарди.
(4) Во методологијата од ставот (3) на овој член, Советот на Народната банка ги пропишува условите што треба да ги исполнат одделни позиции за да можат да се вклучат во сопствените средства и ризично пондерираната актива на банката, позициите за кои е потребна претходна согласност од гувернерот на Народната банка за нивно вклучување во сопствените средства и начинот на издавање на таа согласност, пристапите кои може да ги користи банката при утврдувањето на адекватноста на капиталот, условите под кои можат да се користат одделните пристапи, пристапите за кои е потребна претходна согласност од гувернерот на Народната банка и начинот на издавање на таа согласност, условите под кои можат да се користат кредитни рејтинзи и начинот на признавање на надворешна институција за процена на кредитниот ризик од гувернерот на Народната банка за целите на утврдување на адекватноста на капиталот.

Член 65

(1) Банката е должна да одржува стапка на адекватноста на капиталот која не може да биде пониска од 8%.

(2) При исполнување на обврската од ставот (1) од овој член, банката е должна да одржува најмалку:
1) стапка на редовниот основен капитал во износ од 4,5% од ризично пондерираната актива и
2) стапка на основниот капитал во износ од 6% од ризично пондерираната актива.
(3) Гувернерот може да пропише повисоки стапки од пропишаните во ставовите (1) и (2) на овој член за една или повеќе банки во земјата, доколку е тоа потребно поради природата, видот и обемот на активностите што ги врши банката и ризиците на кои е изложена како резултат на тие активности, вклучувајќи ги и ризиците кои произлегуваат од макроекономското опкружување.

1-а Заштитни слоеви на капиталот

Член 65-а

(1) Банката е должна да ги одржува следниве заштитни слоеви на капиталот:
1) заштитен слој за зачувување на капиталот;
2) противцикличен заштитен слој на капиталот;
3) заштитен слој на капиталот за системски значајни банки и
4) системски заштитен слој на капиталот.
(2) Заштитните слоеви на капиталот од ставот (1) на овој член се исполнуваат единствено со позиции што се дел од редовниот основен капитал.
(3) Збирот од заштитните слоеви од ставот (1) го претставува вкупниот износ на заштитни слоеви.
(4) Банката не може да го користи износот на редовниот основен капитал кој го одржува за исполнување на некој од заштитните слоеви на капиталот за исполнување на другите заштитни слоеви на капиталот од ставот (1) на овој член, ниту за исполнување на барањата од членот 65 и мерките од членовите 132 став (2) точка 3) и 133 став (2) точка 2) алинеја 6 од овој закон.

1-а.1. Заштитен слој за зачувување на капиталот

Член 65-б

Банката е должна да одржува заштитен слој за зачувување на капиталот во износ од 2,5% од ризично пондерираната актива.

1-а.2. Противцикличен заштитен слој на капиталот

Член 65-в

(1)Банката е должна да пресмета и одржува противцикличен заштитен слој на капиталот.
(2)Противцикличниот заштитен слој претставува производ меѓу ризично пондерираната актива и специфичната стапка на противцикличен заштитен слој.
(3)Специфичната стапка на противцикличен заштитен слој претставува пондериран просек на стапките на противцикличен заштитен слој на капиталот од членовите 65-г и 65-д од овој закон.

Член 65-г

(1) Советот на Народната банка донесува методологија за утврдување на стапката на противцикличен заштитен слој на капиталот за изложености во Република Македонија.

(2) Методологијата од ставот (1) на овој член се заснова на индикаторите кои ги имаат предвид кредитниот циклус, ризиците поврзани со кредитниот раст и карактеристиките на домашната економија.

(3) Врз основа на методологијата од ставот (1) на овој член, Народната банка на квартална основа ја утврдува потребната стапка на противцикличен заштитен слој на капиталот за изложености во Република Македонија и е должна на својата интернет страница да ја објави оваа стапка, доколку е таа поголема од 0%.

(4) Стапката на противцикличен заштитен слој на капиталот од ставот (3) на овој член може да изнесува до 2,5%.

(5) По исклучок, Народната банка може да утврди и повисока стапка на противцикличен заштитен слој на капиталот за изложености во Република Македонија доколку, врз основа на индикаторите пропишани во методологијата од ставот (1) на овој член, се утврди дека е тоа потребно.

(6) Објавата од ставот (3) од овој член ги содржи особено следниве информации:

1) висината на стапката од ставот (3) од овој член;

2) индикаторот или индикаторите врз чија основа е утврдена стапката од ставот (3) на овој член;

3) образложение за причините поради кои се воведува или менува стапката од ставот (1) на овој член;

4) датумот од кој банката е должна да ја применува стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот, доколку се воведува или зголемува стапката од ставот (3) на овој член;

5) образложение на причините за одредување на датумот од кој банката е должна да ја применува стапката на противцикличен заштитен слој на капиталот, доколку периодот на објавување на стапката е пократок од 12 месеци и

6) индикативен период во кој не се очекува зголемување на стапката, со напомена дека тој период може да се промени, во случај на намалување на стапката од ставот (3) на овој член.

Член 65-д

(1) За изложеностите во друга земја, банката е должна да ја применува стапката на противцикличен заштитен слој на капиталот, што е објавена од Народната банка на својата интернет страница.

(2) При определување на висината на стапката од ставот (1) на овој член, Народната банка треба да ја има во предвид стапката на противцикличен заштитен слој на капитал што е утврдена од надлежниот орган на другата земја.

(3) Објавата од ставот (1) на овој член ги содржи особено следниве информации:
1) висината на стапката од ставот (1) на овој член и земјата на која се однесува,
2) образложение за причините поради кои се воведува или менува стапката од ставот (1) на овој член,
3) датумот од кој банката е должна да ја применува стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот, доколку се воведува или зголемува стапката од ставот (1) на овој член и
4) образложение на причините за одредување на датумот од кој банката е должна да ја применува стапката на противцикличен заштитен слој на капиталот, доколку периодот на објавување на стапката е пократок од 12 месеци.

1-а.3. Заштитниот слој на капиталот за системски значајни банки

Член 65-ѓ

(1) Советот на Народната банка ја пропишува методологијата за идентификување системски значајни банки која содржи критериуми за идентификување системски значајни банки и начин на распоредување на системски значајните банки во пет подкатегории, врз основа на кој се определува заштитниот слој на капиталот за системски значајни банки, кој може да се движи од 1% до 3,5% од ризично пондерираната активa.
(2) Врз основа на методологијата од ставот (1) на овој член, Народната банка најмалку еднаш годишно ги идентификува системски значајните банки, ги распоредува во соодветните поткатегории и ја утврдува потребната стапка на заштитен слој на капиталот за системски значајни банки што треба да ја одржува системски значајната банка од секоја поткатегорија.
(3) Народната банка е должна:
1) да ја извести банката којашто ја идентификувала како системски значајна банка за стапката на заштитен слој на капиталот која треба да ја одржува и
2) на својата интернет страна да објавува листа на системски значајни банки.
(4) Доколку банката која е идентификувана како системски значајна банка е подружница на странска банка, Народната банка е должна да го извести надлежниот орган на земјата во која е седиштето на странската банка за воведената обврска за издвојување заштитен слој на капиталот за системски значајни банки.
(5) Доколку банката која е идентификувана како системски значајна банка е подружница на банка од земја-членка на Европската унија, Народната банка ги известува и Европската комисија и Европскиот одбор за системски ризици за воведената обврска за издвојување заштитен слој на капиталот за системски значајни банки.
(6) Банката која е идентификувана како системски значајна банка е должна да изработи план за опоравување согласно со методологијата за изработка на план за опоравување.

(7) Советот на Народната банка ја пропишува методологијата за изработка на планот за опоравување од ставот (6) на овој член, која ги содржи елементите кои го сочинуваат планот за опоравување, неговото доставување до Народната банка и начинот на оценка од страна на Народната банка.

1-а.4. Системски заштитен слој на капиталот

Член 65-е

(1) Гувернерот на Народната банка може да пропише системски заштитен слој на капиталот за сите или за една или повеќе банки во земјата, доколку е тоа потребно заради ограничување на ризикот од нарушување на финансискиот систем или на домашната економија, поради активностите што ги вршат една или повеќе банки или ризиците на кои се изложени.

(2) Стапката на системски заштитен слој на капиталот за утврдување на системски заштитен слој на капиталот може да се движи од 1% до 3% од ризично пондерираната актива и може да биде различна за различни банки или групи на банки.

(3) Народната банка е должна на својата интернет страница да го објави воведувањето на системски заштитен слој на капиталот. Објавата ги содржи особено следниве информации:

1) стапката на системски заштитен слој на капиталот,

2) банката која е должна да ја одржува соодветната стапка од точка 1) на овој став,

3) образложение на причините поради кои се воведува заштитен слој на капиталот, само доколку со образложението не се загрозува стабилноста на финансискиот систем во земјата,

4) датумот од кога банката е должна да ја применува стапката на системскиот заштитен слој на капиталот и

5) името на земјите, доколку на изложеностите кон клиенти од тие земји се применува системски заштитен слој на капиталот.

(4) По воведувањето на системскиот заштитен слој на капиталот, Народната банка е должна најмалку еднаш на две години да ја разгледа потребата за ревидирање или за укинување на овој заштитен слој на капиталот.

(5) Доколку обврската за одржување на системски заштитен слој на капиталот се однесува на банка кој е подружница на странска банка, Народната банка е должна да го извести надлежниот орган на земјата во која е седиштето на странската банка за воведената обврска, најмалку еден месец пред воведувањето на обврската.

(6) Доколку обврската за одржување на системски заштитен слој на капиталот се однесува на банка која е подружница на банка од земја-членка на Европската унија, Народната банка ги известува Европската комисија и Европскиот одбор за системски ризици.

(7) Народната банка е должна да ја извести Владата на Република Македонија за воведувањето на системски заштитен слој на капиталот, најмалку еден месец пред објавата согласно со ставот (3) на овој член.

Член 65-ж

(1) Банката која го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви од членот 65-а од овој закон не смее да врши распределба на резултатот од работењето поврзана со позициите од редовниот основен капитал што би довела до намалување на редовниот основен капитал и неисполнување на вкупниот износ на заштитните слоеви.

(2) Банката која не го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви од членот 65-а од овој закон е должна да пресмета максимален износ за распределба, согласно со методологија пропишана од Советот на Народната банка и за тоа да ја извести Народната банка.

(3) Без да го пресмета максималниот износ за распределба, банката од ставот (2) на овој член не смее да:

1) врши распределба на резултатот од работењето поврзана со позициите од редовниот основен капитал;

2) презема обврска за исплата на варијабилни надоместоци или да исплаќа варијабилни надоместоци ако обврската за плаќање ја презела во времето кога банката не го исполнувала вкупниот износ на заштитни слоеви и

3) врши исплати врз основа на инструментите коишто се дел од додатниот основен капитал.

(4) Банката од ставот (2) на овој член може преку дејствијата од ставот (3) на овој член да го распредели само максималниот износ за распределба согласно со методологијата од ставот (2) на овој член.

(5) Распределбата на резултатот од работењето поврзана со позициите од редовниот основен капитал од ставовите (1) и (3) на овој член се однесува на:

1) исплата на дивиденда во готово;

2) распределба во форма на бонусни акции или на други капитални инструменти коишто се дел од редовниот основен капитал;

3) откуп на сопствени акции или на други капитални инструменти коишто се дел од редовниот основен капитал и

4) отплата на износи уплатени во капитални инструменти коишто се дел од редовниот основен капитал.

(6) Ограничувањата на распределбата пропишани со овој член се применуваат само на плаќањата кои предизвикуваат намалување на редовниот основен капитал или намалување на добивката и само доколку неплаќањето не значи исполнување на услови за воведување стечајна или ликвидациона постапка, согласно со овој закон.

(7) Банката од ставот (2) на овој член е должна да изработи план за зачувување на капиталот и да го достави до Народната банка најдоцна во рок од 10 дена по датумот кога утврдила дека повеќе не го исполнува вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот.

(8) Со методологијата од ставот (2) на овој член, Советот на Народната банка го пропишува и видот на информациите што банката од ставот (2) на овој член ги доставува до Народната банка и содржината на планот за зачувување на капиталот.
(9) Народната банка може да го одбие планот за зачувување на капиталот од ставот (7) на овој член доколку смета дека тој нема да обезбеди доволно капитал за исполнување на вкупниот износ на заштитни слоеви на капиталот.

2. Управување со ризиците

Член 66

(1) Банката е должна континуирано да управува со ризиците соодветно на природата, видот и обемот на финансиските активности што ги врши. Критериумите, начинот и методите на управување со ризиците, како и оцената на адекватноста на капиталот согласно со нејзиниот степен на ризичност, банката е должна да ги пропише со општите акти и интерните процедури. Општите акти и интерните процедури треба да бидат во согласност со прописите, стандардите и правилата од областа на банкарството и методологијата пропишана од Советот на Народната банка.
(2) Со општите акти и интерните процедури од ставот (1) на овој член мора да бидат опфатени сите материјални ризици на кои е изложена банката при вршењето на одделни и на сите видови финансиски активности, а особено следниве видови ризици:
1) ликвидносен ризик;
2) кредитен ризик, вклучувајќи и ризик на земјата и ризик на друга договорна страна;
3) ризик на каматни стапки од портфолио на банкарски активности, валутен ризик и пазарен ризик;
4) ризик од концентрација на изложеност на банката и
5) оперативен ризик, вклучувајќи го и ризикот од неадекватност на информативните системи.

Член 67

Банката е должна изложеноста на одделни видови ризици да ја одржува во рамките на лимитите пропишани со овој закон.

Член 68

(1) Заради адекватно управување со ризиците Советот на Народната банка, во согласност со меѓународните стандарди, пропишува:
1) методологија за управување со ризиците;
2) методологија за управување со кредитниот ризик и утврдување на критериуми за класификација на активните билансни и вонбилансни ставки според степенот на ризичност;
3) методологија за управување со валутниот ризик;
4) методологија за управување со ризик на каматни стапки од портфолио на банкарски активности;

5) методологија за управување со ликвидносниот ризик;
6) методологија за сигурноста на информативниот систем на банката;
7) методологија за управување со ризикот на задолженост, со која, меѓу другото, се уредува начинот на утврдување и следење на стапките на задолженост и
8) методологија за управување со други видови ризици со кои се соочува банката.

Член 69

(1) За обезбедување од потенцијалните и/или настанатите загуби кои произлегуваат од конкретни ризични активни билансни и вонбилансни позиции, банката е должна да изврши исправка на вредноста, односно да издвои посебна резерва.
(2) Исправката на вредноста и износот на посебната резерва се утврдуваат на начин и висина според методологија што ја пропишува Советот на Народната банка.

3. Изложеност на банка

Член 70

Изложеноста на банка кон лице ги опфаќа вкупните билансни и вонбилансни побарувања на банката од тоа лице, вклучувајќи ги и вложувањата во хартии од вредност издадени од тоа лице, без оглед на целите за кои се стекнати хартиите од вредност.

Член 71

(1) Изложеноста спрема лице и со него поврзани лица не смее да надмине 25% од сопствените средства на банката.
(2) Изложеноста спрема подружница на банка не смее да надмине 10% од сопствените средства на банката.
(3) Изложеноста спрема акционер со квалификувано учество во банката и со него поврзани лица не смее да надмине 10% од сопствените средства на банката.
(4) Изложеноста спрема лице со посебни права и одговорности и со него поврзани лица не смее да надмине 3% од сопствените средства на банката.
(5) Вкупната изложеност кон лицата од ставовите (2), (3) и (4) на овој член не смее да надмине 65% од сопствените средства на банката.
(6) Кредитите и други облици на изложеност на банката спрема лицата од ставовите (2), (3) и (4) на овој член на износ над 6.000.000 денари се одобруваат врз основа на одлука на надзорниот одбор на банката.
(7) Условите под кои се одобруваат кредити и сите други облици на изложеност се прибираат депозити и се вршат други финансиски активности за лицата од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, при еднакво ниво на ризик утврден во согласност со супервизорските стандарди, не смеат да бидат поповолни од условите што се применуваат за другите комитенти на банката.
(8) Начинот на примена на одредбите од овој член поблиску ги пропишува Советот на Народната банка.

Член 72

(1) Голема изложеност спрема лице и со него поврзани лица претставува изложеност еднаква или повисока од 10% од сопствените средства на банката.
(2) Вкупниот износ на големи изложености не смее да го надмине осумкратниот износ на сопствените средства на банката.
(3) Начинот на примена на одредбите од овој член поблиску ги пропишува Советот на Народната банка.

Член 73

Банката е должна начинот на кредитирање и постапката за регулирање на пристигнатите за наплата, а ненаплатени побарувања да ги усогласи со супервизорските стандарди пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Член 74

(1) Банката не смее да одобри кредит или да воспостави друг облик на изложеност кој, директно или индиректно, ќе се искористи за купување на акции во истата банка.
(2) Банката не смее да одобри кредит или да воспостави друг облик на изложеност кон лице и со него поврзани лица со залог на акции издадени од таа банка.
(3) Банката не смее, директно или индиректно, да стекне повеќе од 5% од акциите на друга банка или небанкарска финансиска институција која поседува повеќе од 5% од вкупните акции на банката.

4. Сопствени акции на банка

Член 75

(1) Банката може да стекнува сопствени акции со откуп, самата или преку лице кое дејствува од свое име, а за нејзина сметка, до 10% од номиналната вредност на вкупните акции на банката, но износот на откупените акции не смее да го надмине износот на нераспределената добивка.
(2) Откупот на сопствени акции е полноважен само, ако:
1) собранието донесе одлука за стекнување на сопствени акции преку откуп во која се утврдени начинот на откупот, максималниот број на акции што може да се откупи, времето во кое откупот треба да се изврши и кое не може да биде подолго од 12 месеца од денот на донесувањето на одлуката за стекнување на сопствени акции, минималната и максималната противвредност која може да се плати за нив и
2) номиналната вредност на откупените сопствени акции заедно со номиналната вредност на сопствените акции што банката ги има стекнато претходно и што ги поседува да не надминува 10% од номиналната вредност на вкупните акции на банката.
(3) Акциите од ставот (1) на овој член мора да се отуѓат во рок од една година од денот на нивното стекнување.

(4) Ако акциите од ставот (1) на овој член не бидат отуѓени во рокот од ставот (3) на овој член, без одлагање мора да бидат поништени.
(5) Стекнувањето сопствени акции спротивно на ставот (2) од овој член е ништовно.

Член 76

(1) Ограничувањата пропишани во членот 75 од овој закон не се применуваат ако стекнувањето на сопствените акции се врши:
1) по сила на закон и
2) врз основа на правосилна судска одлука.
(2) Акциите стекнати во случаите од ставот (1) на овој член мора да се отуѓат во рок од една година од денот на нивното стекнување.
(3) Ако стекнатите акции според ставот (1) од овој член не бидат отуѓени во рокот од ставот (2) на овој член без одлагање мора да бидат поништени.

Член 77

Правата од стекнатите сопствени акции мируваат се до моментот на нивното отуѓување.

5. Вложувања на банка

Член 78

(1) Банката не смее да вложува и да се стекне со земјиште, згради и опрема кои не ги користи за извршување на финансиските активности, освен оние стекнати врз основа на ненаплатени побарувања.
(2) Имотот на банката во земјиште, згради, опрема и капитални делови во нефинансиски институции не смее да надмине 60% од сопствените средства на банката.
(3) Агрегатниот, односно вкупниот износ на капиталните делови во нефинансиски институции не смее да надмине 30% од сопствените средства на банката.
(4) Поединечен капитален дел на банката во нефинансиска институција не смее да надмине 15% од сопствените средства на банка.
(5) Банка не смее да остварува контрола во нефинансиска институција, освен во друштво за помошни банкарски услуги.
(6) Во период од три години од стекнувањето, во лимитите од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член не се вклучува имотот во земјиште, згради и опрема стекнат врз основа на ненаплатени побарувања, а кои банката не ги користи за извршување на финансиските активности и капиталните делови стекнати врз основа на ненаплатени побарувања.

6. Ликвидност на банката

Член 79

Банката е должна да ја одржува ликвидноста, односно да управува со активата и пасивата на начин што ќе и овозможи намирување на пристигнатите обврски во секој момент.

Член 80

Заради одржување на ликвидноста, во согласност со методологијата од членот 68 на овој закон, банката е должна да управува со ликвидносниот ризик, што треба да вклучи особено:

1) воспоставување и одржување на адекватна рочна структура;

2) планирање и управување со приливите и одливите на парични средства и обезбедување на адекватен износ на ликвидни средства;

3) следење на изворите на средства и нивната концентрација и

4) тестирање на ликвидноста.

7. Отворена девизна позиција

Член 81

Банката е должна да одржува отворена девизна позиција во согласност со методологијата од членот 68 став (1) точка 2 на овој закон.

IX. ОРГАНИ НА БАНКА И УПРАВУВАЊЕ НА БАНКА

Член 82

(1) Органи на банка се собрание, надзорен одбор, одбор за управување со ризици, одбор за ревизија, управен одбор и други органи утврдени со статут (кредитен одбор и слично).

(2) Со статутот на банката поблиску се уредуваат бројот, составот, надлежностите, правата, должностите, одговорностите и начинот на работење на органите на банката, како и бројот, мандатот, надлежностите, правата, одговорностите и условите за именување на лицата со посебни права и одговорности.

(3) Управувањето на банката мора да биде во согласност со одредбите од овој закон и со правилата за добро корпоративно управување пропишани од страна на Советот на Народната банка донесени во согласност со меѓународните стандарди.

Член 83

(1) Лице со посебни права и одговорности во банка задолжително треба да има соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и/или финансиите, да ги познава правилата за добро корпоративно управување и да има соодветно искуство кое обезбедува сигурно и стабилно управување со банката.

(2) Лице со посебни права и одговорности во банка не може да биде лице:

1) член на Советот на Народната банка;
2) вработено во Народната банка;
2-а) кое за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надрописарство од Кривичниот законик е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата;
3) укинат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр.182/2007 од 09.07.2008 година;
4) на кое му е изречена прекршочна санкција, или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
5) кое не поседува репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на банката;
6) кое не ги почитува одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од гувернерот, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на банката;
7) член на надзорен одбор, одбор за управување со ризици, одбор за ревизија и управен одбор на друга банка или вработен во друга банка или
8) кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на администрација, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка.
(3) Член на управен одбор на банка може во исто време да биде и член на најмногу два органи на надзор односно неизвршен член на одбор на директори во најмногу две небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.
(4) Член на надзорен одбор на банка може во исто време да биде и:
- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции или
- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.

(5) Член на управен одбор на банка не може да биде и лице кое е управител, член на управен одбор или извршен член на одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.
(6) Ограничувањата од ставот (2) точка 7) и ставовите (3), (4) и (5) на овој член, не се однесуваат на членство во:
1) органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и
2) во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Македонија или во странство.
(7) Во случаите кога банката, како дел од банкарска група, спроведува политики на групата, членовите на надзорниот и/или управниот одбор треба да обезбедат тие политики да се соодветни за банката и се во согласност со законите на Република Македонија и стандардите на Народната банка.
(8) Банката мора да обезбеди мнозинството од членовите на надзорниот и управниот одбор да се достапни на барање на Народната банка.

Член 84

(1) Лицата со посебни права и одговорности се должни да работат единствено во интерес на банката и на нејзините депоненти и да постапуваат со внимание на уреден и совесен трговец.
(2) Доколку лицата со посебни права и одговорности утврдат дека одлуката на органите на банката е спротивна на закон или на друг пропис донесен врз основа на закон или дека според својата содржина е таква што може да ја загрози ликвидноста на банката и нејзината стабилност и сигурност, се должни за ова писмено да го известат надзорниот одбор и Народната банка.

Член 85

На банките не се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва за прокура, трговски полномошник и трговски патник и постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

1. Собрание на банка

Член 86

(1) Собранието на банката ги врши следниве работи:
1) го усвојува статутот и измените и дополнувањата на статутот на банката;
2) ги разгледува и усвојува годишниот извештај за работење на банката заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на надзорниот одбор;
3) го разгледува и усвојува извештајот на друштвото за ревизија и писменото мислење по истиот изготвено од страна на надзорниот одбор;
4) ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на банката;
5) одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка, или за покривање на загубите;

6) одлучува за нова емисија на акции на банката;
7) одлучува за статусни промени и за престанок на работење на банката;
8) ги именува и разрешува членовите на надзорниот одбор;
9) избира друштво за ревизија и одлучува по предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и
10) одлучува и за други прашања од значење за работењето на банката предвидени со статутот на банката.
(2) Собранието на банката не може да именува член на надзорен одбор на банка без претходна согласност од гувернерот.

Член 87

(1) Собранието на банката се состанува најмалку еднаш годишно.
(2) Годишното собранието на банката задолжително се одржува пред истекот на шест месеца од календарската година за претходната година.
(3) По исклучок на ставот (2) од овој член, а во случаите од членот 108 став (4) на овој закон, годишното собрание на банката за претходната година може да се одржи пред истекот на девет месеца од календарската година.
(4) Банката е должна во рокот од 15 дена по одржувањето на собранието на банката, до Народната банка да го достави записникот од одржаното собрание заедно со материјалите и донесените одлуки.
(5) Покрај лицата определени во Законот за трговските друштва, тужба за утврдување ништовност на одлука на собрание на банка може да поднесе и Народната банка.

2. Надзорен одбор

Член 88

(1) Надзорниот одбор на банка го сочинуваат најмалку пет, но не повеќе од девет члена.
(2) Покрај лицето од членот 83 на овој закон член на надзорен одбор во банка не може да биде и лице вработено во банката. Најмалку една четвртина од членовите на надзорниот одбор на банка мора да бидат независни членови.
(3) Членовите на надзорниот одбор треба да имаат соодветни знаења и искуство за извршување на своите надлежности, да избегнуваат судир на интересите и да посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани со овој закон.
(4) Членовите на надзорниот одбор треба заедно да имаат знаења и искуство потребни за независен надзор на работењето на банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши банката и на материјалните ризици на кои е изложена.
(5) Мандатот на членовите на надзорниот одбор трае четири години.
(6) Исто лице не може да биде независен член на надзорниот одбор во иста банка подолго од три последователни мандата.
(7) Членовите на надзорниот одбор од своите редови избираат претседател.

(8) Надзорниот одбор се состанува најмалку еднаш квартално.

Член 89

(1) Надзорниот одбор врши надзор на работењето на управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување.

(2) Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната банка.

(3)Надзорниот одбор ги врши и следниве работи:

1) ја усвојува деловната политика и развојниот план на банката;

2) именува и разрешува членови на управниот одбор на банката;

3) именува и разрешува членови на одборот за управување со ризици;

4) именува и разрешува членови на одборот за ревизија;

5) го усвојува финансискиот план на банката;

6) организира служба за внатрешна ревизија;

7) го одобрува годишниот план на службата за внатрешна ревизија;

8) ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем;

9) ги усвојува политиките за управување со ризици на банката;

10) усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување;

11) усвојува политика за наградување, во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на банката;

12) донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија и управниот одбор;

13) ги разгледува извештаите за работењето на управниот одбор на банката;

14) ги разгледува извештаите на одборот за управување со ризици;

15) ги разгледува извештаите на одборот за ревизија;

16) ги разгледува извештаите на службата за внатрешна ревизија;

17) ги разгледува извештаите на лицето/службата за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите;

18) ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на банката;

19) одобрува изложеност спрема лице од над 20% од сопствените средства на банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Македонија;

20) одобрува трансакции со поврзани лица со банката во износ од над 6.000.000 денари;

21) го одобрува стекнувањето на капитални делови и купувањето на хартии од вредност, поголеми од 5% од сопствените средства на банката, освен купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Македонија;
22) го одобрува предлогот на одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија, или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;
23) ја усвојува политиката за вршење на внатрешна ревизија;
24) ги разгледува извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народната банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на банката;
25) го одобрува годишниот извештај за работењето на банката и доставува писмено мислење по истиот до собранието на банката;
26) го разгледува извештајот на друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до собранието на акционери;
27) го усвојува кодексот за корпоративно управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на банката и
28) го усвојува етичкиот кодекс на банката.
(4) Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува собранието на банката.
(5) Надзорниот одбор на банката не може да именува член на управен одбор на банката без претходна согласност од гувернерот, освен во случаите од членот 92 став (5) на овој закон.

3. Одбор за управување со ризици

Член 90

(1) Одборот за управување со ризици во банка се состои од најмалку три, но не повеќе од девет члена.
(2) Членовите на одборот за управување со ризици се избираат од редот на лицата со посебни права и одговорности кои се вработени во банката. Еден од членовите на управниот одбор на банката задолжително е член на одборот за управување со ризици.
(3) Членовите на одборот за управување со ризици, покрај условите од членот 83 на овој закон, задолжително треба да имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку три години, да имаат познавање за работењето на банката, нејзините производи и услуги и да имаат познавање за ризиците на кои е изложена банката.
(4) Одборот за управување со ризици се состанува најмалку еднаш неделно.
(5) Одборот за управување со ризици ги врши и следниве работи:

1) перманентно го следи и оценува степенот на ризичност на банката и го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици со цел минимизирање на загубите од изложеност на банката на ризик;
2) воспоставува политики за управување со ризици и ја следи нивната примена;
3) ги следи прописите на Народната банка кои се однесуваат на управувањето со ризици и усогласеноста на банката со овие прописи;
4) врши оцена на системите на управување со ризиците во банката;
5) утврдува краткорочни и долгорочни стратегии за управување со одделните видови ризици на кои е изложена банката;
6) ги анализира извештаите за изложеноста на банката на ризик изработени од службите во банката кои вршат оцена на ризиците и предлага стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
7) ја следи ефикасноста на функционирањето на системите на внатрешна контрола во управувањето со ризици;
8) ги анализира ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на банката;
9) ги анализира ефектите од предложените стратегии за управување со ризици, како и предложените стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
10) оценка на усогласеноста на цените на производите и услугите што ги нуди банката со нивото на преземен ризик, во согласност со деловната политика и развојниот план на банката;
11) квартално го известува надзорниот одбор за промените во ризичните позиции на банката, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите и
12) одобрува изложеност спрема лице од над 10% до 20% од сопствените средства на банката.
(6) Одборот за управување со ризици најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и истата ја доставува до надзорниот одбор.

4. Одбор за ревизија

Член 91

(1) Одборот за ревизија во банка се состои од најмалку пет, но не повеќе од девет члена.
(2) Мнозинството членови во одборот за ревизија се избираат од редот на членовите на надзорниот одбор, а останатите членови се независни членови.
(3) Најмалку еден член на одборот за ревизија треба да биде овластен ревизор.
(4) Вработен во друштвото за ревизија од членот 105 на овој закон не смее да биде член на одборот за ревизија.

(5) Членовите на одборот за ревизија од своите редови избираат претседател кој е одговорен за организација на работата на одборот за ревизија.
(6) Членови на одборот за ревизија, покрај условите од членот 83 на овој закон треба да имаат познавање и за:
1) работењето на банката, нејзините производи и услуги;
2) ризиците на кои е изложена банката;
3) системите за внатрешна контрола и политиките за управување со ризици на банката и
4) сметководството и ревизијата.
(7) Одборот за ревизија се состанува најмалку еднаш во три месеца, како и на барање на надзорниот одбор.
(8) Одборот за ревизија донесува деловник за работа што го одобрува надзорниот одбор на банката.
(9) Одборот за ревизија ги врши следниве работи:
1) ги разгледува финансиските извештаи на банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди;
2) ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола;
3) ја следи работата и ја оценува ефикасноста на службата за внатрешна ревизија;
4) го следи процесот на ревизија на банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија;
5) ги донесува сметководствените политики на банката;
6) ја следи усогласеноста на работењето на банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи;
7) одржува состаноци со управниот одбор, службата за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдени неусогласености со прописите и слабостите во работењето на банката;
8) ги разгледува извештаите на одборот за управување со ризици;
9) предлага назначување на друштвото за ревизија и раскинување на склучен договор со друштво за ревизија и
10) најмалку еднаш во три месеца го известува надзорниот одбор на банката за својата работа.
(10) Одборот за ревизија најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно.
(11) Одборот за ревизија поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до надзорниот одбор на банката. Во годишниот извештај е содржана оцената од ставот (10) на овој член.

5. Управен одбор

Член 92

(1) Управниот одбор на банка се состои од најмалку две, но не повеќе од седум лица.

(2) Член на управен одбор на банка, покрај условите од членот 83 став (1) на овој закон, мора да има шест години успешно работно искуство од областа на финансиите или банкарството или три години работно искуство како лице со посебни права и одговорности во банка со активности соодветни на банката во која се именува.
(3) Членовите на управниот одбор треба заедно да поседуваат стручни знаења и искуство потребни за независно управување на банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши банката и на материјалните ризици на кои е изложена, во согласност со правилата за корпоративно управување од членот 82 став (3) од овој закон.
(4) Членовите на управниот одбор мора да се во постојан работен однос во банката и барем еден од членовите мора да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и да има постојано живеалиште во Република Македонија.
(5) Доколку бројот на членовите на управниот одбор на банка се намали под пропишаниот со овој закон, надзорниот одбор од своите редови именува вршител или вршители на должноста член на управен одбор. Вршителите на должност член на управен одбор се предмет на упис во трговскиот регистар.
(6) Членот од надзорниот одбор кој е именуван за вршител на должност член на управен одбор во периодот на извршување на оваа должност не може да учествува во донесувањето на одлуките што се во надлежност на надзорниот одбор.

Член 93

Управниот одбор на банката ги врши следниве работи:
1) управува со банката;
2) ја застапува банката;
3) ги извршува одлуките на собранието и на надзорниот одбор на банката, односно се грижи за нивното спроведување;
4) покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на банката;
5) ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности, во согласност со одредбите од овој закон и статутот на банката;
6) изготвува деловна политика и развоен план на банката;
7) изготвува финансиски план на банката;
8) изготвува политика за сигурност на информативниот систем на банката;
9) изготвува годишен извештај за работењето на банката и го доставува до надзорниот одбор и
10) изготвува етички кодекс на банката.

Член 94

(1) Управниот одбор на банката е одговорен за:
1) обезбедување услови за работење на банката во согласност со прописите;
2) управување и следење на ризиците на кои е изложена банката во работењето;

3) постигнување и одржување на адекватно ниво на сопствени средства;
4) функционирање на системот на внатрешна контрола во сите области на работење на банката;
5) непречено работење на службата за внатрешна ревизија на банката, односно осигурува дека службата за внатрешна ревизија има пристап до документацијата и до вработените во банката со цел за непречено спроведување на нејзините активности;
6) непречено работење на лицето, односно службата од членот 99 на овој закон, односно осигурува дека лицето, односно службата има пристап до документацијата и до вработените во банката со цел непречено спроведување на овластувањата;
7) донесување и спроведување политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на лица со посебни права и одговорности, освен за членовите на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија и управниот одбор;
8) водење на трговските и другите книги и деловната документација на банката, изработка на финансиски и други извештаи во согласност со прописите за сметководство и сметководствените стандарди;
9) навремено и точно финансиско известување;
10) редовност и точност на извештаите што се доставуваат до Народната банка во согласност со закон и прописите донесени врз основа на закон и
11) спроведување на мерките изречени од страна на гувернерот спрема банката.
(2) Управниот одбор на банката за својата работа одговара пред надзорниот одбор.
(3) Управниот одбор го известува надзорниот одбор за своето работење најмалку еднаш квартално.
(4) Управниот одбор е должен веднаш да го извести надзорниот одбор за:
1) влошена ликвидност или солвентност на банката;
2) постоење основ за укинување на дозволата за основање и работење или за забрана за извршување на одредена финансиска активност, согласно со закон;
3) намалување на сопствените средства под пропишаното ниво во согласност со овој закон;
4) наодите на супервизијата и надзорот на Народната банка и
5) наодите на Управата за јавни приходи и други контролни органи.
(5) За случаите од ставот (4) точки 1, 2 и 3 на овој член надзорниот одбор на банката е должен веднаш да ја извести Народната банка.
(6) За наодот од ставот (4) точка 5 на овој член надзорниот одбор на банката е должен веднаш да ја извести Народната банка, доколку наодите имаат значително влијание врз финансиската состојба на банката.
(7) Член на управен одбор е должен веднаш да го извести надзорниот одбор ако тој или со него поврзани лица стекнат контрола во друго правно лице.

6. Служба за внатрешна ревизија во банката

Член 95

(1) Надзорниот одбор на банката е должен да организира служба за внатрешна ревизија, како независен организационен дел во банката.

(2) Организационата поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациони делови во банката, како и одговорноста и условите за назначување на раководителот на службата за внатрешна ревизија ги уредува надзорниот одбор.

(3) Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на банката преку:

1) оцена на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола;

2) оцена на спроведувањето на политиките за управување со ризиците;

3) оцена на поставеноста на информативниот систем;

4) оцена на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи;

5) проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите;

6) следење на почитувањето на прописите, етичкиот кодекс, политиките и процедурите;

7) оцена на системите за спречување на перење пари и

8) оцена на услугите што банката ги добива од друштвата за помошни услуги на банката.

(4) Службата за внатрешна ревизија ги спроведува своите активности во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија, етичкиот кодекс на банката и политиката и процедурите за работење на службата.

(5) Лицата во службата за внатрешна ревизија се вработени во банката и извршуваат работи само на службата. Најмалку еден од лицата вработени во службата е овластен ревизор.

(6) Вработените во банката се должни на лицата, односно вработените во службата од ставот (1) на овој член да им овозможат увид во документацијата со која располагаат и да им ги дадат сите потребни информации.

Член 96

(1) Службата за внатрешна ревизија изготвува годишен план за работа на службата, што го одобрува надзорниот одбор.

(2) Во планот од ставот (1) на овој член задолжително се наведува предметот на ревизија со опис на содржината на планираната ревизија во одделни области и распоред на контролите во текот на годината со планирано времетраење за спроведување на контролите.

Член 97

(1) Службата за внатрешна ревизија е должна за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до надзорниот одбор, управниот одбор и одборот за ревизија на банката.

(2) Полугодишниот и годишниот извештај од ставот (1) на овој член содржат:

1) опис на извршените ревизии на работењето на банката;

2) оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;

3) наоди и предложени мерки на службата за внатрешна ревизија и

4) оцена на спроведувањето на мерките предложени од страна на службата за внатрешна ревизија.

(3) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член содржи и:

1) оцена за реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа;

2) оцена за планираното време за контрола и евентуалното отстапување и

3) информации за извршени други активности.

(4) Надзорниот одбор е должен да го достави годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија до Народната банка.

Член 98

Службата за внатрешна ревизија е должна веднаш да ги извести надзорниот одбор и управниот одбор, доколку во текот на контролата утврди:

1) непочитување на стандардите за управување со ризиците поради што постои можност за нарушување на ликвидноста или солвентноста на банката и

2) дека управниот одбор не ги почитува прописите, општите акти и интерните процедури на банката.

7. Контрола на усогласеноста на работењето
на банката со прописите

Член 99

(1) Управниот одбор на банка е должен, во зависност од видот, обемот и сложеноста на активностите што ги врши банката, да именува лице или да организира служба за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите.

(2) Лицето, односно службата од ставот (1) на овој член е одговорно за идентификација и следење на ризиците од неусогласеноста на работењето на банката со прописите. Под ризик од неусогласеност со прописите се смета особено, но не исклучиво, ризикот од изречени мерки од страна на Народната банка, од финансиски загуби и репутациски ризик како последица на пропусти во усогласување на работењето на банката со прописите.

(3) Лицето, односно вработените во службата од ставот (1) на овој член ги извршуваат единствено работите од ставот (2) на овој член и се самостојни во извршувањето на работите од нивна надлежност.

(4) Вработените во банката се должни на лицето, односно вработените во службата од ставот (1) на овој член да им овозможат увид во документацијата со која располагаат и да им ги дадат сите потребни информации.
(5) Лицето, односно раководителот на службата од ставот (1) на овој член за својата работа поднесува месечен извештај до управниот одбор и полугодишен извештај до надзорниот одбор.

8. Судир на интереси

Член 100

(1) Лицата со посебни права и одговорности се должни редовно, на секои шест месеца, да дадат писмена изјава за постоење или непостоење судир на нивниот личен интерес со интересот на банката.
(2) Под личен интерес на лицата од ставот (1) на овој член се подразбираат и интересите на поврзаните лица со нив.
(3) Судир меѓу личниот интерес и интересот на банката постои кога со донесувањето на одлуки, склучувањето на договори или вршење на други деловни активности се засега во материјалните или кој било друг вид на деловни или семејни интереси на лицата од ставовите (1) и (2) на овој член.
(4) Под остварување на материјален, деловен и семеен интерес се подразбира остварување на парична или друг вид на корист, директно или индиректно, за лицата од ставовите (1) и (2) на овој член.
(5) Лицата од ставот (1) на овој член не смеат да присуствуваат при разгледувањето и донесувањето на одлуки, да склучуваат договори или да вршат други деловни активности доколку нивната објективност е доведена во прашање заради постоење судир меѓу нивниот личен интерес и интересот на банката.
(6) За постоење судир на интереси се дава писмена изјава и пред одржување на состанокот за разгледување и донесување на одлуки, склучување на договори или вршење на друга деловна активност.
(7) Писмената изјава од ставовите (1) и (6) на овој член се доставува до надзорниот одбор и до управниот одбор на банката и во неа се наведува основот од кој произлегува судирот меѓу личниот интерес и интересот на банката.
(8) Доколку лицето од ставот (1) на овој член премолчи постоење судир на интереси, Народната банка и друго лице кое има правен интерес до надлежниот суд, во согласност со закон, може да бара поништување на правната работа.

X. ИЗВЕШТАИ, СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

1. Извештаи

Член 101

(1) Банките се должни да доставуваат извештаи и податоци до Народната банка.

(2) Советот на Народната банка подетално ги пропишува формите, видовите, методологијата, содржината на извештаите и податоците и роковите за нивно доставување до Народната банка.

(3) Советот на Народната банка може да пропише извештаи и податоци кои банката е должна да ги објави, како и начинот, формата и роковите на нивно објавување.

2. Сметководство

Член 102

(1) Банката е должна да ги води своите трговски книги уредно и ажурно. Трговските книги и финансиските извештаи се составуваат во согласност со прописите за сметководство и сметководствените стандарди, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Банката е должна да го организира своето работење и да ги води трговските книги, како и деловната и сметководствената документација на начин кој ќе овозможи потврдување дека банката во секој момент работи во согласност со одредбите од овој закон.

(3) Банката е должна да ги класифицира податоците во нејзините трговски книги согласно со сметковниот план.

(4) Во изработката на финансиските извештаи од овој член, банката треба да ја користи формата согласно со членот 103 од овој закон.

(5) Банката составува годишна сметка, финансиски извештај и консолидиран финансиски извештај.

(6) Банката е должна до Народната банка да доставува неревидиран полугодишен и годишен финансиски извештај во рок од 30 дена по истекот на периодот за кој се однесува.

(7) Банката е должна до Народната банка да доставува месечен извештај за состојбата и прометот на сите сметки од сметковниот план за банките.

Член 103

(1) Советот на Народната банка ги пропишува:

1) сметковниот (контниот) план за банките;

2) видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи и

3) методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи.

(2) За потребите на супервизијата, гувернерот може да пропише и дополнителни сметководствени насоки, податоци и извештаи коишто банката е должна да ги доставува до Народната банка.

3. Ревизија

Член 104

Годишните финансиски извештаи и трговските книги ги проверува и оценува друштво за ревизија и изготвува извештај за извршена ревизија, во согласност со прописите за ревизија и одредбите од овој закон.

Член 105

(1) Банката е должна да определи друштво за ревизија за што ја известува Народната банка во рок од 15 дена од денот кога го определила.
(2) Гувернерот нема да го прифати друштвото за ревизија од ставот (1) на овој член доколку друштвото за ревизија:
1) има помалку од три години искуство во вршење на ревизии;
2) е поврзано лице со банката;
3) во последните две години давало консултантски услуги на банката;
4) во последните три години било под мерки изречени од страна на Институтот на овластени ревизори и
5) има несоодветна експертиза или не постапува согласно со ревизорските стандарди.
(3) Доколку гувернерот не го прифати друштвото за ревизија за тоа ја известува банката во рок од 15 дена од добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член и бара од банката да определи друго друштво за ревизија.
(4) Банката е должна да определи друго друштво за ревизија во рок од 45 дена по добивањето на известувањето од ставот (3) на овој член.
(5) Исто друштво за ревизија може да изврши најмногу пет последователни ревизии на годишните финансиски извештаи на една банка.

Член 106

(1) Ревизијата се врши на:
- годишните финансиски извештаи на банката и
- работењето на банката.
(2) Ревизијата на годишните финансиски извештаи на банката претставува оцена на годишните финансиски извештаи на банката, согласно со членовите 103 и 104 од овој закон.
(3) Со ревизијата на работењето на банката се опфаќа најмалку:
1) процесот на интерно утврдување и оцена на потребната адекватност на капиталот на банката;
2) системите на банката за управување со ризиците;

3) функционирањето на системите на внатрешна контрола и извршувањето на функцијата на внатрешна ревизија;
4) сигурноста на информативниот систем;
5) точноста и комплетноста на извештаите што банката ги доставува до Народната банка за потребите на супервизијата;
6) усогласеноста на работењето на банката со прописите;
7) податоците коишто банката е должна да ги објави и
8) системот на банката за спречување на перење пари.
(4) Содржината на ревизијата на годишните финансиски извештаи и на работењето на банката подетално ги пропишува Советот на Народната банка, во согласност со меѓународните стандарди.

Член 107

(1) Друштвото за ревизија е должно веднаш писмено да го извести гувернерот, доколку во текот на ревизијата утврди дека:
1) солвентноста или ликвидноста на банката е загрозена;
2) банката е несолвентна или неликвидна;
3) банката работела и/или работи спротивно на прописите и/или е исполнет услов за укинување на дозволата за основање и работење на банка, согласно со членот 154 од овој закон и
4) постојат значителни отстапувања и слабости во функционирањето на системите на внатрешна контрола во процесот на финансиско известување.
(2) Друштвото за ревизија е должно веднаш, во писмена форма, да го извести гувернерот доколку, врз основа на извршената ревизија на правно лице кое со банката има блиски врски, утврди дека:
1) лицето има проблеми со ликвидноста или солвентноста и
2) лицето работело или работи спротивно на прописите.
(3) Гувернерот го известува министерот за финансии за случаите од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член во рок од три дена од денот кога е добиено известувањето.

Член 108

(1) Друштвото за ревизија е должно извештајот за извршената ревизија на годишните финансиски извештаи истовремено да ги достави до надзорниот одбор, Народната банка и Министерството за финансии и тоа најдоцна до 30 април во тековната година за претходната календарска година. Друштвото за ревизија е должно, заедно со извештајот за извршената ревизија на годишните финансиски извештаи, до надзорниот одбор и до Народната банка да го достави и извештајот за извршената ревизија на работењето на банката.
(2) Народната банка може од друштвото за ревизија да побара дополнителни објаснувања и податоци во врска со извршената ревизија.

(3) Друштвото за ревизија е должно на барање на Народната банка да и ги направи достапни работните материјали од ревизијата на банка.
(4) Гувернерот нема да ги прифати извештајот за извршената ревизија на годишните финансиски извештаи и извештајот за извршената ревизија на работењето на банката ако утврди дека не се темелат врз објективни факти за финансиската состојба во банката, доколку не се изработени во согласност со членот 106 од овој закон и/или друштвото за ревизија при вршење на ревизијата не постапувало согласно со пропишаните стандарди и процедури.
(5) Доколку гувернерот не ги прифати извештаите од ставот (1) на овој член за извршената ревизија, за тоа ги известува банката, Министерството за финансии и Институтот за овластени ревизори во рок од 45 дена од добивањето на извештајот.
(6) Во случаите од ставот (4) на овој член гувернерот бара од банката да назначи друго друштво за ревизија кое ќе изготви нов извештај.
(7) Сите трошоци настанати во врска со назначување на друго друштво за ревизија согласно со ставот (6) на овој член ги поднесува банката.

Член 109

Во случаите од членот 105 став (2) или членот 108 став (4) од овој закон, гувернерот во следните три години нема да прифати извештај за извршена ревизија изготвен од тоа друштво за ревизија.

Член 110

(1) Банката е должна во рок од осум дена по усвојувањето на годишниот извештај за работењето, да достави примерок до Народната банка заедно со извештајот за извршената ревизија.
(2) Банка во која странска банка остварува контрола е должна до Народната банка да достави и годишен извештај за работењето и извештај од извршената ревизија на странската банка која остварува контрола најдоцна во рок од 30 дена од нивното издавање.
(3) Банката е должна извештајот за извршената ревизија и годишните финансиски извештаи заедно со белешките кон извештајот да ги направи достапни до јавноста и да објави биланс на состојба, биланс на успех, извештај за промена на капиталот извештај за парични текови и извештајот на ревизорот кон годишните финансиски извештаи, во барем еден дневен весник, во рок од 15 дена од усвојувањето на извештајот од страна на собранието на банката.

XI. БАНКАРСКА ТАЈНА

Член 111

Документите, податоците и информациите кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности за поединечни лица и трансакции со поединечни

лица, како и за депозитите на поединечни лица претставуваат банкарска тајна која банката е должна да ја заштити и чува.

Член 112

(1) Лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во банката кои имаат пристап до документите, податоците и информациите на овој закон, како и лицата кои преку давање услуги на банката имаат пристап до документите, податоците и информациите од членот 111 на овој закон се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член не се однесува во следниве случаи, ако:

1) со закон е пропишано објавување на податоците и информациите и

2) лицето дало писмена согласност за откривање на податоците.

(3) За лицата со посебни права и одговорности и вработените во банката обврската од ставот (1) на овој член не се однесува и во следниве случаи:

1) по писмено барање на јавното обвинителство или надлежен суд за водење на постапки кои се во рамките на неговите надлежности;

2) за потребите на Народната банка или на друг супервизорски орган овластен со закон;

3) по писмено барање на Управата за јавни приходи за водење на постапки кои се во рамките на нејзините надлежности;

4) ако податоците се соопштуваат на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, во согласност со закон;

5) ако податоците се соопштуваат на Управа за Финансиската полиција, во согласност со закон;

6) на писмено барање на Државниот девизен инспекторат за контрола на девизното работење;

7) на писмено барање на Фондот за осигурување на депозити, во согласност со закон;

8) на писмено барање на Агенцијата за управување со одземен имот, во согласност со закон;

9) на писмено барање на нотар во рамките на водењето оставинска постапка, согласно со закон;

10) ако податоците се соопштуваат за потребите на функционирање на Кредитниот регистар на Народната банка и до кредитно биро, во согласност со закон;

11) податоците се соопштуваат за потребите на управување со кредитниот ризик на други членки на банкарска група или на банкарска група чие матично лице е со седиште надвор од Република Македонија, а чија членка е банката

12) по писмено барање на лицата овластени за извршување во согласност со закон и

13)ако податоците се даваат на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за потребите на вршење на работите од нивните

надлежности и во согласност со прописите за заштита на личните податоци, само доколку банка склучи меморандум за соработка со овие институции, со кој се регулира начинот на достапност на податоците од членот 111 на овој закон.
(4) Лицата кои согласно со ставот (3) од овој член дошле до документите, податоците и информациите од членот 111 на овој закон се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица, освен во случаи и во постапка утврдена со овој или друг закон.
(5) Обврската од ставовите (1) и (4) на овој член продолжува и по престанокот на работниот однос, односно по престанокот на основот и статусот врз основа на кој е остварен пристап до податоците кои се сметаат за банкарска тајна.

XII. ЗДРУЖУВАЊЕ НА БАНКИ

Член 113

(1) Банките основани во Република Македонија заради остварување на заеднички интереси и унапредување на нивното работење можат да формираат здруженија на банки.
(2) Активностите и задачите на здруженијата на банки се уредуваат со актот за основање.
(3) Покрај другите активности, здруженијата можат да:
1) организираат дополнителен доброволен систем за гарантирање на депозитите, покрај задолжителниот пропишан со Законот за Фондот за осигурување на депозити;
2) организираат размена на податоци за кредитна способност заради заштита од кредитен ризик и
3) даваат и обезбедуваат обука за банкарски работници и издаваат сертификати.
(4) Банките не смеат да склучуваат договори со кои се ограничува начелото на слободно пазарно работење и се ограничува конкуренцијата во банкарството.

XIII. СУПЕРВИЗИЈА, КОНСОЛИДИРАНА СУПЕРВИЗИЈА И НАДЗОР

Член 114

(1) Народната банка врши супервизија, консолидирана супервизија и надзор на начин и постапка пропишани со овој и/или друг закон.
(2) Советот на Народната банка подетално го уредува начинот на вршење на супервизијата, консолидираната супервизија и надзорот од ставот (1) на овој член.
(3) Лицата кои подлежат на супервизија, консолидирана супервизија и надзор од страна на Народната банка се должни, во согласност со нивните безбедносни процедури, на овластените лица од Народната банка да им обезбедат пристап до сите простории, да им ја дадат на увид целокупната расположлива документација, вклучително и податоците кои се чуваат електронски, како и да ја обезбедат документацијата што овластените лица од Народната банка ќе ја побараат.

(4) При супервизијата, консолидираната супервизија и надзорот овластените лица можат да задржат и изнесат само копии или фотокопии од документи на банката, по потреба заверени кај нотар.

1. Супервизија

Член 115

(1) Преку супервизијата Народната банка ја оценува сигурноста, стабилноста, ризичноста и усогласеноста на работењето на банката со прописите.
(2) Супервизија на банка вршат лица овластени од гувернерот.

Член 116

(1) Супервизорската функција Народната банка ја остварува преку:
1) перманентно вонтеренско следење на работењето на банката со прибирање и анализи на извештаите и податоците кои ги доставува банката;
2) непосредна, целосна или делумна теренска контрола во самата банка;
3) одржување контакти со членовите на органите на банката и со друштвото за ревизија и
4) соработка и размена на податоци и информации со други супервизорски органи.
(2) Народната банка врши непосредна теренска контрола според однапред утврден план и по потреба.

Член 117

За потребите на супервизијата банката е должна да обезбеди:
1) извештаи и информации за работењето на банката;
2) извештај за извршена ревизија и дополнителни информации за извршената ревизија на банката и писмото на друштвото за ревизија упатено до управниот одбор на банката;
3) вонредни прегледи за работењето и
4) извештаи на службата за внатрешната ревизија на банката.

2. Консолидирана супервизија

Член 118

(1) Народната банка врши консолидирана супервизија на банкарска група, врз основа на консолидираните извештаи на групата.
(2) За исполнување на обврските кои произлегуваат од целите на консолидираната супервизија, во смисла на овој закон, одговорна е банката со седиште во Република Македонија која е матично лице на банкарска група.
(3) По исклучок на ставот (2) од овој член, кога матично лице на банкарската група е финансиско холдинг друштво со седиште во Република Македонија, за исполнување на обврските кои произлегуваат од целите на консолидираната супервизија во смисла

на овој закон, одговорна е банката со седиште во Република Македонија која е подредено лице на тоа финансиско холдинг друштво.
(4) Банката од ставовите (2) и (3) на овој член се смета за банка која е предмет на консолидирана супервизија.
(5) Во случај кога финансиско холдинг друштво со седиште во Република Македонија контролира две или повеќе банки со седиште во Република Македонија кои не се меѓусебно поврзани преку контрола или учество, за банка која е предмет на консолидирана супервизија се смета банката со најголем износ на активата. Ако износот на активата на банките е еднаков, за банка која е предмет на консолидирана супервизија се смета банката која прва добила дозвола за основање и работење од гувернерот.
(6) Другите правни лица од банкарската група кои се подредени лица во банкарската група, можат да бидат со седиште во и надвор од Република Македонија.
(7) Членовите на органите на управување на финансиското холдинг друштво од ставовите (3) и (5) на овој член мора да ги исполнуваат условите за членови на управен одбор пропишани со овој закон.

Член 119

(1) Банкарската група е должна да ги почитува и следи одредбите од овој закон со кои се дефинираат супервизорските стандарди и управувањето со ризиците.
(2) Матичното лице е должно да организира и обезбеди транспарентност на банкарската група што ќе овозможи утврдување и следење на:
1) вистинските лица кои спроведуваат контрола во групата;
2) финансиската состојба на банкарската група и на секое одделно лице во групата;
3) профилот на ризичност на банкарската група и на секое одделно лице во групата;
4) системот на внатрешна контрола и системите на управување со ризици и
5) односите меѓу одделните лица и видот на поврзаноста, вклучувајќи ја и висината на учеството во капиталот и/или правата на глас во другите лица во групата.
(3) Банката која е предмет на консолидирана супервизија е должна, заради идентификување, мерење, следење и контрола на трансакциите со други лица во банкарската група, да воспостави и одржува адекватни системи за управување со ризик, внатрешна контрола и известување и сметководство.

Член 120

Консолидираната супервизија се однесува најмалку на:
1) износот на сопствените средства;
2) износот на големи изложености;
3) вложувањата во други нефинансиски институции;
4) системот на внатрешна контрола и
5) управувањето со ризиците.

Член 121

Советот на Народната банка го пропишува предметот на консолидацијата, како и содржината на консолидираните извештаи од членот 122 на овој закон и роковите за нивно доставување од страна на банката која е предмет на консолидирана супервизија.

Член 122

(1) Банката која е предмет на консолидирана супервизија е должна да составува и доставува до Народната банка консолидирани извештаи на банкарската група.
(2) Консолидираните извештаи од ставот (1) на овој член се состојат од консолидирани финансиски извештаи и консолидирани супервизорски извештаи.
(3) Банката која е предмет на консолидирана супервизија, при изработка на извештаите од ставот (1) на овој член, е должна да ги има сите потребни информации и податоци врз чија основа ги изработува консолидираните извештаи на банкарската група, како и да воспостави систем за проверка на точноста и веродостојноста на доставените информации и податоци од лицата во групата.
(4) Матичното лице во банкарската група е должно да обезбеди примена на единствени принципи за вреднување и презентација на одделните финансиски извештаи на подредените лица.

Член 123

На барање на гувернерот банката, која е предмет на консолидирана супервизија, е должна да изврши консолидација и на одделни позиции или активности во рамките на банкарската група, доколку е тоа потребно за целосно и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од работењето на групата како целина или на одделните банки во групата.

Член 124

(1) Подредените лица во банкарската група и финансиското холдинг друштво се должни до банката, која е предмет на консолидирана супервизија, да ги доставуваат сите податоци и информации кои се потребни за целите на консолидираната супервизија, да имаат адекватни системи кои ќе овозможат добивање на тие податоци и информации, како и да имаат адекватни системи на внатрешна контрола за проверка на точноста и веродостојноста на доставените информации и податоци.
(2) Заради утврдување на опфатот на консолидација што треба да ја изврши банката, која е предмет на консолидирана супервизија, подредените лица во банкарската група се должни до банката да доставуваат податоци за висината на нивното учество во капиталот и/или правата на глас во други лица.
(3) Доколку подредените лица во групата и финансиското холдинг друштво до банката, која е предмет на консолидирана супервизија, не ги достават податоците и

информациите потребни за целите на консолидираната супервизија, банката е должна за тоа веднаш да ја извести Народната банка.

Член 125

(1) Во случаите кога не постои банкарска група, гувернерот може да побара од банка која е подредена на друго правно лице, да изврши целосна консолидација или консолидација на одделни позиции или активности, доколку тоа е потребно за целосно и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од работењето на банката.

(2) Гувернерот може да побара од банка која е матично лице на друго правно лице кое не е банка или финансиско холдинг друштво, да изврши целосна консолидација или консолидација на одделни позиции или активности на лицата од групата, без разлика на нивната дејност, доколку тоа е потребно за целосно и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од работењето на банката.

(3) Банката од ставовите (1) и (2) на овој член е должна, заради идентификување, мерење, следење и контрола на трансакциите со матичното лице, неговите подружници и/ или подружниците на банката, да воспостави и одржува адекватен систем за управување со ризици, внатрешна контрола и известување и сметководство.

(4) Правните лица од ставовите (1) и (2) на овој член се должни до банката од ставовите (1) и (2) на овој член да ги достават сите податоци и информации потребни за целите на консолидирана супервизија.

(5) Банката е должна веднаш да ја извести Народната банка, доколку правните лица од ставовите (1) и (2) на овој член не и ги достават потребните податоци и информации од ставот (4) на овој член.

(6) Банката е должна веднаш да ја извести Народната банка за секоја значителна трансакција со лицата од ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 126

(1) Банката која е предмет на консолидирана супервизија е должна веднаш да ја извести Народната банка за:

1) сите промени кои се од значење за одредување на постоење банкарска група, согласно со одредбите од овој закон и

2) сите промени во секое правно лице или во односите меѓу одделни лица во групата кои се од значење за целите на консолидираната супервизија.

(2) За потребите на консолидираната супервизија, гувернерот може да побара од банката која е предмет на консолидирана супервизија, финансиското холдинг друштво или подредените лица, да достават и други податоци и информации.

(3) Гувернерот може да забрани вршење трансакции на банката која е предмет на консолидирана супервизија и/или банката која е подредено лице во банкарската група со одделни лица во групата или лица поврзани со нив, доколку утврди дека тие

трансакции можат да ја доведат во сериозна опасност сигурноста и стабилноста на банката.

Член 127

(1) Доколку банка со седиште во Република Македонија е член на банкарска група која вклучува едно или повеќе лица кои се предмет на супервизија од друг или други супервизорски органи, Народната банка и тој/тие супервизорски орган/и утврдуваат заеднички пристап за консолидирана супервизија на банкарската група.

(2) Спроведувањето на заедничкиот пристап за консолидирана супервизија на банкарската група, Народната банка и другите супервизорски органи подетално го регулираат со склучување на договори како основа за постојана размена на податоци и информации за целите на консолидираната супервизија.

(3) Размената на информации меѓу Народната банка и другите супервизорски органи се однесува најмалку на:

1) идентификување на структурата на банкарската група, вклучувајќи ги и вистинските лица кои спроведуваат контрола во групата;

2) промени во акционерската, управувачката или организациската структура на групата;

3) деловните и стратешките планови на банкарската група;

4) финансиската состојба на членките на групата, со посебно внимание на адекватноста на капиталот, трансакциите со поврзани лица, изложеноста меѓу лицата од групата, профитабилноста и слично;

5) корпоративното управување, управувањето со ризиците и системите на внатрешна контрола;

6) мерки кои се преземаат спрема одделни лица во групата и

7) кои било други информации кои можат значајно да влијаат врз кое било лице во групата или врз групата како целина.

3. Надзор

Член 128

Народната банка може да врши надзор на работењето на поврзани лица со банката, на други лица во банкарската група и на друштво за помошни банкарски услуги. Доколку овие лица подлежат на контрола од страна на друг овластен орган, Народната банка го врши надзорот во соработка со тој орган.

XIV. КОНТРОЛА НА ЗАКОНИТОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЛИЦА КОИ НЕ СЕ БАНКИ

Член 129

(1) Доколку Народната банка или орган овластен за вршење на инспекциски надзор согласно со закон имаат сознанија дека правни и физички лица вршат работи спротивно на членот 5 од овој закон, веднаш ја известуваат Управата за финансиска полиција.

(2) Управата за финансиска полиција е должна веднаш по добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член да изврши контрола на работењето на лицата кои вршат работи спротивно на членот 5 од овој закон и да преземе мерки во рамките на своите надлежности.

Член 130

Управата за финансиска полиција со решение ќе определи рок во кој лицето кое постапува спротивно на членот 4 став (1) од овој закон е должно да изврши промена на името. Доколку во утврдениот рок не го промени името, Управата за финансиска полиција веднаш ќе поднесе барање за бришење на тие зборови од името во регистарот во кој се запишани.

XV. МЕРКИ

Член 131

(1) Гувернерот презема мерки и определува рокови за нивно спроведување, доколку банката, банкарската група, акционерите или органите на банката не ги почитуваат прописите со кои е уредено работењето на банките или нивните интерни процедури, или доколку е тоа потребно заради одржување на сигурноста и стабилноста на банката или на банкарскиот систем во целина.

(2) Мерки што ги презема гувернерот се:

1) редовни мерки;

2) дополнителни мерки;

3) воведување администрација;

4) повлекување на согласност и

5) одземање на дозвола.

(3) При одлучување за мерките што ќе ги преземе, гувернерот се раководи од следново:

1) видот и сериозноста на незаконитоста и/или неправилноста;

2) влијанието или потенцијалното влијание на мерката врз банката или врз нејзините депоненти во насока на спречување на натамошно влошување на состојбата во банката;

3) потребата за одржување на сигурноста и стабилноста на банката или на банкарскиот систем во целина;

4) дали незаконитоста, односно неправилноста била намерна и/или се повторува и

5) подготвеноста на органите на банката за отстранување на констатираните незаконитости и неправилности.

1. Редовни мерки

Член 132

(1) Гувернерот презема редовни мерки при утврдени незаконитости и/или неправилности во работењето на банката или банкарската група и тоа особено, но не исклучиво ако:

1) системот на управување, информативниот систем, системот на внатрешна контрола и интерните политики и процедури, не се во согласност со прописите или не се почитуваат;

2) сметководствените политики, процедури и пракса не се во согласност со прописите за сметководство;

3) не се почитуваат обврската и роковите за доставување на податоци, информации и извештаи до Народната банка и за јавно објавување;

4) не е обезбедена соодветна ревизија;

5) не се постапува или се постапува спротивно на супервизорските стандарди;

6) нема адекватно ниво на сопствени средства и/или адекватно ниво на заштитни слоеви на капиталот и

7) не се почитуваат обврските за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член и доколку истите не ја доведуваат во сериозна опасност сигурноста и стабилноста на банката, гувернерот презема една или повеќе од следниве мерки:

1) на банката да и издаде препорака со рокови за: стручно усовршување на вработените и лицата со посебни права и одговорности или вработување на соодветен кадар, промени во организационата структура на банката, изготвување на нови политики и процедури во одредени области и изготвување и спроведување на акционен план за надминување на незаконитостите и неправилностите и усогласување со прописите;

2) на банката да и издаде писмено предупредување;

3) со мнозинството членови на надзорниот и/или со членовите на управниот одбор на банката да склучи меморандум со рокови за отстранување на неправилностите, усогласување со прописите, постигнување и одржување построги супервизорски стандарди од стандардите утврдени во членовите 68, 71, 72, 73, 74, 78, 79 и 81 од овој закон, постигнување и одржување повисок износ на сопствени средства и/или повисока стапка на адекватност на капиталот или постигнување и одржување на адекватен износ на заштитни слоеви на капиталот, поединечно и вкупно и

4) да и наложи на банката дополнителна обврска за доставување на вонредни податоци и извештаи во период, вид, обем и интервали утврдени од гувернерот.

(3) Во рок од пет дена од истекот на роковите од ставот (2) точки 1, 2 и 3 на овој член, банката е должна до Народната банка да достави извештај за преземените активности и документиран доказ дека се усогласила со прописите.

2. Дополнителни мерки

Член 133

(1) Гувернерот презема дополнителни мерки спрема банка или акционер на банка, особено кога:

1) ќе оцени дека постои опасност за одржување или за нарушување на сигурноста и стабилноста на банката или на банкарскиот систем во целина;

2) не ги спроведува навремено мерките од членот 132 став (2) на овој закон;

3) ги повторува неправилностите од членот 132 став (1) на овој закон за кои е изречена мерка или прекршочна санкција;

4) банката извршува активности за кои нема дозвола или согласност;

5) банката извршува активности преку филијала во странство без дозвола од гувернерот;

6) банката повеќе не ги исполнува условите врз основа на кои е издадена дозволата за основање и работење, односно согласноста за вршење на финансиски активности;

7) стапката на адекватност на капиталот и/или сопствените средства и/или заштитните слоеви на капиталот се под пропишаните во согласност со овој закон;

8) нема издвоено потребно ниво на посебни резерви, односно не е извршена соодветна исправка на вредноста на активата на банката;

9) постојано или значително ги прекршува супервизорските стандарди;

10) зачестено не ја исполнува обврската за навремено доставување податоци, информации и извештаи до Народната банка и други институции утврдени со закон;

11) ја попречува Народната банка во извршувањето на супервизијата, консолдираната супервизија и преземањето мерки;

12) го попречува друштвото за ревизија во извршувањето на ревизијата;

13) акционер не добил согласност од гувернерот за стекнување на акции и

14) постоењето блиски врски на банката, на лицата во кои банката има капитален дел или на другите членови на групата на која и припаѓа банката со други лица го попречува извршувањето супервизија и консолидирана супервизија или спроведувањето на мерките преземени во согласност со овој закон.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член гувернерот со решение презема една или повеќе од следниве мерки:

1) овластува лица за непосредно следење на работата на банката;

2) на банката и/или акционерот наложува да:

- ги ревидира интерните процедури и политика,
- ги намали трошоците на работење,
- достигне соодветно ниво на резерви,
- смени лице со посебни права и одговорности,
- изврши дополнителна ревизија од страна на друштво за ревизија, различно од друштвото за ревизија ангажирано од банката, во обем и под услови дефинирани од гувернерот и на трошок на банката,

- постигне и одржува повисок износ на сопствени средства и/или повисока стапка на адекватност на капиталот од пропишаните во согласност со овој закон, вклучувајќи и зголемување на сопствените средства преку распределба на добивката на крајот на годината,
- постигне и одржува построги супервизорски стандарди од стандардите утврдени во членовите 68, 71, 72, 73, 74, 78, 79 и 81 од овој закон,
- изврши продажба на капитални делови во други правни лица,
- подготви и спроведе план за подобрување на состојбата на банката, доколку банката е поткапитализирана и
- ја докапитализира банката и
3) забранува, ограничува или наложува посебни услови за:
- исплата на дивиденда или друг надоместок што го плаќа банката за инструменти коишто се дел од нејзиниот основен капитал,
- остварување на правата од акции,
- исплати на членовите на органите на управување,
- изложување кон поврзани лица, освен ако тие се покриени со залог на хартии од вредност издадени, или гарантирани од страна на Република Македонија или Европската унија, кои се чуваат од страна на независно трето лице - депозитна институција и чијашто пазарна вредност во секое време надминува 125% од износот на кредитот, или друг облик на изложеност,
- трансакции со други лица од банкарската група или поврзани лица со банката или со други лица,
- изложување спрема лице за кое согласно со методологијата на Народната банка се врши исправка на вредност или се издвојува посебна резерва од најмалку 20%,
- пролонгирање на одобрени кредити,
- вршење на сите или одредени финансиски активности,
- отворање делови на банка,
- учество на девизен пазар,
- стекнување на капитални делови во други правни лица и
- отпочнување со нови финансиски активности.

Член 134

(1) Гувернерот може да овласти лице - супервизор од Народната банка кое ќе го следи спроведувањето на мерките од членот 133 став (2) на овој закон.
(2) Лицето од ставот (1) на овој член има право да врши верификација на налозите за исплата, да присуствува на седниците на надзорниот и управниот одбор без право на глас и да ги добива сите информации и податоци кои се неопходни во врска со спроведувањето на мерките од членот 133 став (2) на овој закон.

2.1. План за подобрување на состојбата на банка

Член 135

(1) Банката е поткапитализирана доколку сопствените средства или стапката на адекватност на капиталот се под пропишаните со овој закон.

(2) Доколку банката е поткапитализирана или поради искажување загуби од работењето постои опасност банката да стане поткапитализирана, гувернерот со решение го задолжува надзорниот одбор на банката во рок од десет дена да достави план за подобрување на состојбата.

(3) Планот од ставот (2) на овој член содржи детално разработени мерки и активности и рок за достигнување и одржување на сопствени средства и постигнување на стапка на адекватност на капиталот пропишани во согласност со овој закон.

(4) Гувернерот со решение го одобрува или одбива планот од ставот (2) на овој член во рок од десет дена од денот на добивањето на планот.

(5) Доколку планот од ставот (2) на овој член предвидува и зголемување на почетниот капитал, банката е должна во рок од 30 дена од добивање на решението на гувернерот за одобрување на планот да одржи собрание. Доколку собранието донесе одлука за зголемување на почетниот капитал, уплатата мора да се изврши во рок од 90 дена од донесувањето на одлуката.

(6) Во случај гувернерот да го одбие планот од ставот (2) на овој член или собранието на банката да не ја донесе одлуката за зголемување на почетниот капитал, гувернерот донесува решение за воведување администрација или ја одзема дозволата за основање и работење.

Член 136

(1) Банката од која е побарано да достави план за подобрување на состојбата без претходна согласност од гувернерот не може да:

1) започне да врши нова финансиска активност;

2) ја зголеми ризично пондерираната актива за повеќе од 5% годишно;

3) врши исплата на дивиденда или било каква исплата во вид на бонуси, дотации и слично на акционерите, лицата со посебни права и одговорности и на вработените во банката и

4) ја зголеми вкупната изложеност на банката.

(2) Покрај ограничувањата од ставот (1) на овој член на банката, која спроведува план за подобрување на состојбата, гувернерот може да и наложи да спроведе која било од мерките од членовите 132 став (2) и 133 став (2) на овој закон.

2.2. Ограничување на права од акции

Член 137

(1) За акциите стекнати спротивно со членот 59 од овој закон и акциите за кои е повлечена издадената согласност согласно со членот 153 од овој закон, гувернерот донесува решение со кое утврдува дека на акционерот кој ги стекнал тие акции

истите не му носат право на глас и го задолжува да ги отуѓи акциите во определен рок, кој не може да биде подолг од 180 дена, освен во случаите од членот 59 став (2) од овој закон, кога гувернерот може да определи и подолг рок.
(2) Акционерот е должен да ги отуѓи акциите во роковите определени со решението од ставот (1) на овој член.
(3) На акционерот кој нема да ги отуѓи акциите во роковите определени со решението од ставот (1) на овој член, гувернерот со решение му наложува во рок од 10 дена од добивањето на решението да ја овласти Народната банка во негово име да спроведе продажба на акциите.
(4) Акционерот е должен да го даде овластувањето во рокот од ставот (3) на овој член.
(5) За акционерот кој нема да го даде овластувањето во определениот рок, гувернерот донесува решение со кое утврдува дека акциите, покрај правото на глас, не му носат и право на исплата на дивиденда и дека истиот не може да биде или да стане акционер со квалификувано учество во банка.
(6) Гувернерот во рок од осум дена од донесување на решението од ставот (5) на овој член донесува решение за спроведување на продажба на акциите во име на акционерот од ставот (5) на овој член.
(7) Доколку во периодот од донесувањето на решението од ставот (5) на овој член до продажбата на акциите банката им исплати дивиденда на останатите акционери, дивидендата за акционерот од ставот (5) на овој член се распределува во општата резерва на банката.

Член 138

(1) Продажбата на акциите од членот 137 став (6) од овој закон ја спроведува лице овластено од гувернерот, по пат на јавна берзанска аукција, согласно со правилата на овластена берза одобрени од Комисијата за хартии од вредност.
(2) Лицето од ставот (1) на овој член е должно во рок од осум дена од денот на донесувањето на решението од членот 137 став (6) од овој закон да го објави датумот на одржување на една или повеќе јавни берзански аукции во „Службен весник на Република Македонија", во најмалку два дневни весници и на интернет страницата на Народната банка.
(3) Во објавата од ставовите (2) и (8) на овој член лицето од ставот (1) на овој член ги наведува:
1) почетната цена по која ќе се понудат акциите за продажба на датумот на кој ќе се одржи првата јавна берзанска аукција;
2) датумот/датумите на одржување на една или повеќе јавни берзански аукции;
3) условите потребни за стекнување со својство акционер со квалификувано учество во банка пропишани со овој закон и рок за доставување на барањето со потребната документација за добивање согласност за стекнување со акции, доколку се продаваат акции кои значат квалификувано учество во банка и

4) обврската за поднесување во Народната банка писмена изјава од заинтересираните лица дека ќе ги уплатат средствата за купување на акциите и рок за поднесување на изјавата.
(4) Во случаите кога се продаваат акции кои значат квалификувано учество во банка, на јавната берзанска аукција можат да учествуваат само лица кои добиле претходна согласност од гувернерот за исполнување на условите потребни за стекнување со својство на акционер со квалификувано учество во банка согласно со одредбите од овој закон и кои во Народната банка поднеле писмена изјава дека ќе ги уплатат средствата за купување на акции, а кога се продаваат акции кои не значат квалификувано учество во банката, на јавната берзанска аукција можат да учествуваат само лица кои во Народната банка поднеле писмена изјава дека ќе ги уплатат средствата за купување на акции.
(5) По барањето за издавање на согласност за стекнување акции со квалификувано учество, гувернерот одлучува во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.
(6) Почетната цена на акциите е:
1) просек на официјална дневна просечна цена на акциите во последните три месеци пред денот на донесувањето на решението од членот 137 став (6) од овој закон или
2) книговодствената вредност на акциите, доколку во последните три месеци пред денот на донесувањето на решението од членот 137 став (6) од овој закон немало трансакции со акциите на банката, при што под трансакции со акции не се подразбира блок трансакција и нетрговски пренос на акции.
(7) Доколку во рамките на една објава е предвидено одржување на повеќе јавни берзански аукции, на секоја следна јавна берзанска аукција, акциите се нудат по цена која е за 10% пониска од цената по која биле понудени за продажба на претходната јавна берзанска аукција.
(8) Доколку јавните берзански аукции не се одржат, или доколку по одржувањето и на една или повеќе објавени јавни берзански аукции останат непродадени акции, лицето од ставот (1) на овој член е должно да изврши повторна објава на една или повеќе јавни берзански аукции, во период од најмногу 30 дена од:
1) последната одржана јавна берзанска аукција или
2) датумот на кој лицето од ставот (1) на овој член ја известило овластената берза дека аукцијата/аукциите не се одржале.
(9) На секоја наредна објава на една или повеќе јавни берзански аукции, почетната цена на акциите е за 10% пониска од:
1) цената од последната одржана јавна берзанска аукција или
2) почетната цена од првата аукција од претходната објава, доколку јавните берзански аукции од претходната објава не се одржани.
(10) Почетната цена од ставот (9) на овој член не може да биде пониска од 50% од просекот на официјалната дневна просечна цена на акциите утврдена во последните три месеци пред денот на објавата на јавната берзанска аукција. Доколку во

последните три месеци пред денот на објавата на јавната берзанска аукција немало трансакции со акциите на банката при што под трансакции со акции не се подразбира блок трансакција и нетрговски пренос на акции, почетната цена од ставот (8) на овој член не може да биде пониска од 50% од книговодствената вредност на акциите.
(11) Истовремено со донесувањето на решението од членот 137 став (6) од овој закон, гувернерот издава решение до Централниот депозитар за хартии од вредност за упис на забрана за располагање со акциите кои се предмет на продажба од страна на нивните сопственици од членот 137 став (6) од овој закон.
(12) Средствата од продажба на акциите, намалени за трошоците за организирање и спроведување на јавната берзанска аукција, му припаѓаат на акционерот од членот 137 став (6) од овој закон.
(13) Лицето од ставот (1) на овој член го потпишува налогот за продажба на акциите на јавната берзанска аукција.
(14) Централниот депозитар за хартии од вредност ја брише забраната од ставот (11) на овој член по добиено известување од страна на гувернерот.

3. Администрација

Член 139

(1) Гувернерот донесува решение за воведување администрација и именува членови на администрацијата - администратори во банка, ако:
1) настанале околности кои можат сериозно да ја загрозат солвентноста на банката;
2) банката и/или акционерите одбиваат да ги исполнат или не преземаат соодветни активности за исполнување на дополнителните мерки изречени од страна на гувернерот со што се загрозува ликвидноста и солвентноста на банката;
3) надзорниот одбор на банката не поднесе план за подобрување на состојбата во банка;
4) Народната банка го одбие планот за подобрување на состојбата во банка;
5) банката не го спроведува планот за подобрување на состојбата во банка во предвидените рокови;
6) банката не достигне потребно ниво на сопствени средства во рокот даден со планот за подобрување на состојбата во банка и
7) стапката на адекватност на капиталот на банката се намали под 50% од пропишаната согласно со овој закон.
(2) Со решението за воведување на администрација во банка се утврдува бројот на администратори, овластувањата на секој од администраторите и времето на траење на администрацијата кое не може да биде подолго од една година од денот на доставувањето на решението до банката во која се воведува администрација, со можност да биде продолжено за уште шест месеца. Со решението еден од администраторите се овластува да ги потпишува одлуките.

Член 140

(1) Администрацијата се состои од најмногу три администратори.

(2) За администратор може да биде именувано лице, вклучително и лице вработено во Народната банка, кое ги исполнува условите од овој закон за член на управен одбор на банка и за независен член.

(3) Администраторите добиваат надомест утврден од страна на гувернерот, а го исплатува банката во која е воведена администрација.

(4) Администраторот не одговара за штетите спрема трети лица што може да настанат со спроведување на администрацијата во банка, доколку работел во рамките на своите должности и овластувања и не сторил кривично дело.

(5) Со решението за воведување на администрација во банка, гувернерот може да ги ограничи активностите на банката во платниот промет или за одреден период да ја исклучи од платниот промет.

(6) Решението за воведување на администрација во банка се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и во најмалку еден дневен весник и се доставува за упис во трговскиот регистар.

Член 141

(1) Со денот на доставувањето на решението за воведување на администрација до банката престануваат сите надлежности на надзорниот и управниот одбор на банката и надлежностите на собранието на акционери, освен надлежноста за донесување одлука за зголемување на капиталот и истите преминуваат на администраторите.

(2) Со денот на доставувањето на решението за воведување на администрација до банката од сметката на банката во која е воведена администрација и која е исклучена од платниот промет смее да се вршат плаќања само по налог потпишан од администраторите.

(3) Со денот на доставувањето на решението за воведување на администрација до банката решенијата за присилна наплата и другите платни инструменти на товар на сметка на банката која е исклучена од платниот промет, а кои ќе се достават до Народната банка се евидентираат и се враќаат до подносителот во рок од три дена и за истото се известува банката.

(4) Со денот на доставувањето на решението за воведување на администрација до банката решенијата за присилна наплата и другите платни инструменти на товар на сметки што ги водела банката кај која е воведена администрација и која е исклучена од платниот промет, а кои ќе се достават до банката, се евидентираат и се враќаат до подносителот во рок од три дена.

Член 142

(1) Администраторите при извршувањето на надлежностите утврдени согласно со овој закон имаат пристап и контрола над деловните простории, имотот, трговските книги

и другата документација на банката и се должни да го заштитат имотот и документацијата на банката.
(2) Дотогашните членови на надзорниот одбор, управниот одбор и другите лица со посебни права и одговорности се должни на администраторите да им овозможат пристап во целокупната документација на банката, како и да им ги дадат сите потребни информации и дополнителни извештаи за работењето на банката.
(3) Доколку администраторите на кој било начин се спречени да влезат во просториите на банката, пристапот во банката ќе се спроведе со помош на Министерството за внатрешни работи.
(4) Администраторите имаат право да го отстранат секое лице кое ја попречува нивната работа, а кога е тоа потребно можат да побараат помош и од Министерството за внатрешни работи.
(5) Во вршењето на својата работа администраторите се должни да се придржуваат кон законите и другите прописи, како и да работат врз основа на писмените упатства и насоки дадени од страна на гувернерот.

Член 143

(1) Администраторите се должни во рок од 21 ден од денот на именувањето да ги утврдат состојбите во банката.
(2) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член администраторите до гувернерот доставуваат извештај за состојбата на банката кој содржи:
1) план за рехабилитација на банката или
2) предлог за одземање на дозволата за основање и работење кој може да содржи и план за пренос на средства и обврски на банката во друга банка.
(3) Рокот за доставување на извештајот од ставот (2) на овој член може да биде и пократок ако тоа е утврдено со решението од членот 139 став (1) на овој закон.
(4) Советот на Народната банка подетално ги пропишува условите и постапката за спроведување на планот за рехабилитација и планот за пренос на средства и обврски на банката во друга банка.

Член 144

(1) Планот за рехабилитација треба да содржи:
1) процена на висината на сопствените средства, солвентната и ликвидносната позиција на банката;
2) процена на спремноста на акционерите на банката за вложување на дополнителен капитал за покривање на загубите на банката;
3) начин на спроведување на рехабилитацијата на банката и
4) процена на трошоците поврзани со спроведувањето на активностите на администрацијата.
(2) Планот за рехабилитација на банката може да се спроведе преку еден или повеќе од следниве начини со:

1) продажба на активата на банката;
2) зголемување на сопствените средства на банката преку издавање на акции за доверителите или за нови инвеститори во согласност со овој закон;
3) продажба на акциите и
4) статусни промени на банката.

Член 145

Планот за пренос на средства и обврски на банката во друга банка содржи најмалку:
1) процена на висината на сопствените средства, солвентната и ликвидносната позиција на банката;
2) процена на вредноста на вкупните средства и утврдување на обврските на банката;
3) процена на средствата и обврските на банката што би се пренеле во друга банка и
4) ефекти од преносот.

Член 146

(1) Гувернерот одлучува за извештајот од членот 143 став (2) на овој закон во рок од 15 дена од денот на добивањето.
(2) При одлучувањето од ставот (1) на овој член гувернерот се раководи од потребата за заштита на интересите на доверителите на банката и од реалноста на планот за рехабилитација во периодот на траењето на администрацијата.
(3) Доколку гувернерот го одобри планот за рехабилитација или предлогот за одземање на дозволата за основање и работење кој содржи план за пренос на средства и обврски на банката во друга банка, со решение ги овластува администраторите за преземање на натамошни активности за реализација на плановите.
(4) По одобрување на планот за рехабилитација или планот за пренос на средства и обврски на банката во друга банка, администраторите се должни истиот да го спроведат.
(5) По спроведувањето на планот за пренос на средства и обврски на банката во друга банка, гувернерот донесува решение за одземање на дозволата за основање и работење и за исполнување на условите за отворање на стечајна постапка во банката.
(6) Доколку гувернерот го одбие планот за рехабилитација или го прифати предлогот за одземање на дозволата за основање и работење на банката донесува решение за одземање на дозволата за основање и работење и за исполнување на условите за отворање на стечајна или за спроведување на ликвидациона постапка во банката.

Член 147

(1) Доколку, врз основа на планот за рехабилитација, гувернерот утврди дека за постигнување на пропишаната стапка на адекватност на капиталот е потребно зголемување на сопствените средства на банката, ќе донесе решение со кое на администраторите ќе им наложи да свикаат собрание на банката и на нејзините

акционери да им предложат донесување на одлука за покривање на загубата на товар на сопствените средства и одлука за зголемување на сопствените средства на банката.
(2) Администраторите се должни во рок од осум дена по добивањето на решението од ставот (1) на овој член, во најмалку три дневни весници, да го објават свикувањето на собранието на банката.

Член 148

(1) Ако собранието го одбие предлогот од членот 147 став (1) на овој закон или доколку не успее распишаната емисија на акции согласно со одлуката која собранието на банката ја усвоило врз основа на предлогот од членот 147 став (1) на овој закон, гувернерот може да донесе решение со кое ќе ги овласти администраторите да организираат продажба на акциите на постојните акционери на банката на инвеститори кои ќе бидат спремни да ја рехабилитираат банката.
(2) Продажбата на акциите на постојните акционери на банката од ставот (1) на овој член на нови инвеститори се врши по пат на јавна берзанска аукција во согласност со овој закон.
(3) Администраторите се должни во рок од 90 дена од денот на донесувањето на решението од ставот (1) на овој член да го објават датумот на одржување на јавната берзанска аукција во "Службен весник на Република Македонија" и во најмалку два дневни весници.
(4) Во рокот од ставот (3) на овој член администраторите се должни да изберат друштво за ревизија кое ќе изврши ревизија на финансиските извештаи на банката и ќе ја утврди книговодствената вредност на акциите. Трошоците за ревизија паѓаат на товар на банката.
(5) Во објавата на јавната берзанска аукција администраторите ја одредуваат почетната цена на акциите која не може да биде пониска од 70% од книговодствената вредност утврдена во ревидираните финансиски извештаи на банката, износот на средства потребни за докапитализација и рокот за нивна уплата, условите потребни за стекнување со својство акционер во банка пропишани со овој закон и рокот во кој до Народната банка се доставува документацијата врз основа на која се докажува исполнувањето на претходно наведените услови.
(6) Налогот за продажба на акциите на јавната берзанска аукција го потпишуваат администраторите.
(7) Истовремено со објавата за продажба на постојните акции, гувернерот издава налог до Централниот депозитар за хартии од вредност за упис на забрана за располагање со акциите на банката од страна на нивните сопственици.
(8) На јавната берзанска аукција можат да учествуваат инвеститори кои:
1) поднеле барање и добиле претходна согласност од гувернерот за исполнување на условите потребни за стекнување со својство на акционер во банка согласно со одредбите од овој закон и

2) во Народната банка поднеле писмена изјава дека ќе ги уплатат средствата за докапитализација на банката во рокот определен во објавата од ставот (5) на овој член.
(9) Ако на јавната берзанска аукција никој не ја прифати почетната цена, на следната јавна берзанска аукција акциите ќе се понудат по цена која е за 10% пониска од почетната и ќе се продолжи со намалување на продажната цена за уште 10% сé додека еден или повеќе инвеститори не изјават спремност за купување на понудените акции. Намалувањето не може да биде под 50% од почетната цена.
(10) По барањето за издавање согласност од ставот (8) точка 1 на овој член гувернерот одлучува во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.
(11) Средствата од продажбата на акциите намалени за трошоците за организирање и спроведување на јавната берзанска аукција им припаѓаат на акционерите на банката.
(12) Централниот депозитар за хартии од вредност ќе ја укине забраната од ставот (7) на овој член кога гувернерот ќе го извести дека јавната берзанска аукција завршила дека новите инвеститори ги исполниле преземените обврски спрема поранешните акционери и извршиле докапитализација на банката, доколку таква обврска постои.

Член 149

(1) Администраторите се должни најдоцна до 15 во тековниот месец да достават извештај за работа и извештај за текот на спроведувањето на планот за рехабилитација на банката за претходниот месец.
(2) Извештајот од ставот (1) на овој член задолжително содржи процена на висината на сопствените средства и солвентната и ликвидносната позиција на банката за време на администрацијата и процена на трошоците поврзани со спроведувањето на администрацијата.
(3) Освен извештајот од ставот (1) на овој член, администраторите доставуваат и други извештаи согласно со потребите и барањата на Народната банка.

Член 150

(1) Доколку гувернерот процени дека е исполнет планот за рехабилитација и дека финансиската состојба на банката се подобрила така што банката ги достигнала потребниот износ на сопствени средства и стапка на адекватност на капиталот определени во согласност со овој закон, како и дека банката е способна да ги исполнува пристигнатите обврски, ќе им наложи на администраторите да свикаат собрание на банката.
(2) На собранието на банката акционерите предлагаат лица за членови на надзорниот одбор на банката и до Народната банка поднесуваат барање за добивање претходна согласност за нивно именување. По добивање на претходна согласност од гувернерот, надзорниот одбор поднесува барање до Народната банка за добивање претходна согласност за именување на членови на управниот одбор на банката. Со денот на

уписот на членовите на управниот одбор во трговскиот регистар, престануваат администрацијата и овластувањата на администраторите.

Член 151

Ако гувернерот оцени дека во текот на траењето на администрацијата не дошло до подобрување на финансиската состојба на банката во смисла на членот 150 став (1) од овој закон, донесува решение за одземање на дозволата за основање и работа и за отворање на стечајна постапка или за спроведување на ликвидациона постапка во банката.

Член 152

(1) Функцијата на администраторот му престанува:
1) по истекот на периодот за кој е именуван;
2) во случај на негова оставка;
3) во случај на смрт;
4) во случај на негово отповикување и
5) во случај на прекинување на администрацијата.
(2) Гувернерот донесува решение за отповикување на член на администрација:
1) ако членот не го спроведува планот за рехабилитација на банката;
2) во случај на долготрајна тешка болест која го спречува во извршувањето на обврските;
3) ако ја изгубил деловната способност;
4) кога од страна на судот му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност и
4-а) кое за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата;
5) укинат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр.182/2007 од 09.07.2008 година;
(3) Против решението од ставот (2) на овој член незадоволната страна може да бара заштита пред надлежниот суд.

4. Повлекување на согласности

Член 153

Гувернерот ја повлекува согласноста за стекнување акции во банка, согласноста за именување член на надзорен или управен одбор и за вршење на финансиски активности за кои е потребна посебна согласност, ако:

1) согласноста е прибавена врз основа на невистинити податоци;
2) во периодот по издавањето на согласноста добие документиран доказ дека повеќе не се исполнува кој било од условите од членовите 13, 18, 58, 59, 83, 88 и 92 на овој закон;
3) член на надзорниот и/или управниот одбор не ја спроведува деловната политика на банката;
4) член на надзорниот и/или управниот одбор не ги почитува одредбите од овој закон, со што ја загрозува сигурноста и стабилноста на банката и нејзините доверители и
5) член на надзорниот и/или управниот одбор ги пречекорил надлежностите утврдени со овој закон.

5. Укинување на дозвола за основање и работење и за статусни промени

Член 154

(1) Гувернерот со решение ја укинува дозволата за основање и работење на банката или дозволата за статусни промени, ако утврди дека:
1) дозволата е прибавена врз основа на невистинити податоци;
2) банката не го усвои статутот во рок од 30 дена од добивањето на решението од членот 20 став (5) на овој закон, односно не донесе одлука за статусни промени во рок од 45 дена од добивањето на решението од членот 22 став (3) на овој закон;
3) банката не поднела пријава за упис во трговскиот регистар во пропишаниот рок;
4) банката не започнала со работа во рок од 90 дена од издавањето на дозволата за основање и работење;
5) банката врши финансиски активности за кои не добила дозвола, односно согласност од гувернерот;
6) банката не ги исполнува техничките, организациските, кадровските или други услови за извршување на банкарските активности во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;
7) банката не извршува банкарски активности подолго од шест месеца;
8) со правосилна одлука на надлежен орган е утврдено дека банката е вклучена во перење пари или во други кривични дела;
9) се исполнети условите за воведување на стечајна или ликвидациона постапка во банката, во согласност со овој закон;
10) заради покривање на загуби почетниот капитал на банката се намалил под нивото определено во членот 14 став (1) од овој закон, а банката истовремено со одлуката за намалување не донела и одлука за зголемување на почетниот капитал или во рок од 90 дена од донесувањето на одлуката почетниот капитал не е запишан и уплатен;
11) се оневозможува извршувањето на ефективна супервизија од страна на Народната банка;
12) банката не ги спроведува или постапува спротивно на мерките изречени од страна на Народната банка;

13) бројот на членовите на надзорниот и/или управниот одбор се намалил под законскиот минимум, а банката подолго од 60 дена од престанокот на мандатот не поднела барање за добивање претходна согласност за именување член на надзорен, односно на управен одбор и
14) бројот на членовите на надзорниот и/или управниот одбор се намалил под законскиот минимум, а банката подолго од шест месеци не добила согласност за член на управен одбор или на надзорен одбор поради тоа што не предложила лице кое ги исполнува условите од овој закон.
(2) Гувернерот донесува решение за укинување на дозвола за основање и работење на банка и во случаите од членовите 146 ставови (5) и (6) и 151 на овој закон.
(3) Од денот на донесувањето на решението за укинување на дозволата за основање и работење од ставот (1) на овој член, до денот на правосилноста на решението на судот со кое се отвора стечајна постапка кај банката, односно до денот на уписот на ликвидаторите во трговскот регистар, банката се исклучува од платниот промет и престанува со извршување на сите активности, освен наплата на побарувањата.

5.1. Известувања за издавање и укинување на дозвола

Член 155

(1) За издавање и укинување на дозвола за основање и работење на банка и за статусни промени, Народната банка писмено го известува Министерството за финансии во рок од пет дена од донесувањето на решението за издавање, односно укинување на дозволата.
(2) Известувањето од ставот (1) на овој член содржи:
1) име и седиште на банката;
2) име на членовите на управниот одбор;
3) име на физички лица, односно име и седиште на правни лица акционери на банката со акции со право на глас над 5% од вкупниот број на акции со право на глас;
4) финансиски активности што ги врши банката;
5) датум на издавање, односно укинување на дозволата и
6) причини за укинување на дозволата.
(3) Народната банка го известува Министерството за финансии и за сите промени во податоците од ставот (2) точки 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член.

Член 156

Народната банка е должна во средствата за јавно информирање и на нејзината интернет страница веднаш да го објави решението за издавање, односно укинување на дозволата за основање и работење на банка.

XVI. СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Член 157

(1) Решение за исполнување на условите за отворање на стечајна постапка во банка донесува гувернерот.

(2) Гувернерот го донесува решението од ставот (1) на овој член во случаите утврдени во ставот (4) од овој член по службена должност, на предлог на доверителите и на предлог на банката.

(3) По предлогот на доверителите и на банката од ставот (2) на овој член гувернерот одлучува во рок од 15 дена од поднесувањето на предлогот.

(4) Услови за воведување на стечајна постапка во банка постојат кога:

1) банката е несолвентна;

2) врз основа на извештајот на администраторот, или во текот на спроведувањето на планот за рехабилитација се утврди дека банката е несолвентна или

3) во постапката на ликвидација на банката се утврди дека нејзиниот имот не е доволен за исплата на сите побарувања на нејзините доверители.

(5) Банката е несолвентна кога:

1) стапката на адекватноста на капиталот е пониска од една четвртина од пропишаната во членот 65 од овој закон или

2) е неспособна да ги плаќа пристигнатите обврски непрекинато подолго од десет дена.

(6) Одредбите од ставот (4) точка 1 на овој член не се применуваат кога за време на администрација банката е исклучена од платен промет.

(7) Предлог за отворање на стечајна постапка на банка до надлежен суд може да поднесе само гувернерот, во согласност со овој закон. Предлог за отворање на стечајна постапка на банка до надлежниот суд се поднесува првиот работен ден од денот на донесувањето на решението за исполнување на условите за отворање на стечајна постапка во банка. Кон предлогот за отворање на стечајна постапка на банка до надлежниот суд задолжително се приложува и решението на гувернерот за исполнување на условите за отворање на стечајна постапка во банка.

(8) Судот донесува решение по предлогот за отворање стечајна постапка на банка најдоцна во рок од три работни дена од приемот на предлогот од ставот (7) на овој член без спроведување на претходна постапка.

(9) На стечајна постапка на банка соодветно се применуваат одредбите од Законот за стечај, доколку поинаку не е определено со овој закон.

Член 158

(1) Со денот на донесувањето на решението за исполнување на условите за отворање стечајна постапка од страна на гувернерот, па се до правосилноста на решението на судот со кое се отвора стечајна постапка кај банка, заради зачувување на имотот на банката, гувернерот донесува решение за именување на најмалку еден овластен работник во банката.

(2) Правата и должностите на овластениот работник од ставот (1) на овој член се утврдуваат со решението за именување.

Член 159

(1) Решението за исполнување на условите за отворање стечајна постапка на банката се доставува до банката која ги исполнува условите за отворање на стечајна постапка, банката која ја презела исплатата на осигурените депозити, предлагачот од членот 157 став (2) на овој закон, Фондот за осигурување на депозити и Министерството за финансии, во рок од три дена од денот на донесувањето.
(2) Народната банка е должна да го објави решението за исполнување на условите за отворање на стечајна постапка во банка во средствата за јавно информирање и да го огласи на видно место во банката.

Член 160

(1) За стечаен управник на банка може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени во Законот за стечај и кое согласно со одредбите од овој закон ги исполнува условите за член на управен одбор на банка.
(2) Ако во текот на стечајната постапка се појаваат услови за разрешување на стечајниот управник, судот за именување на новиот стечаен управник е должен да обезбеди мислење од гувернерот. Гувернерот е должен да го достави мислењето во рок од три дена од добивањето на барањето од судот.

Член 161

(1) Стечајниот управник е должен во рок од десет дена по објавувањето на огласот за отворање на стечајна постапка во "Службен весник на Република Македонија", записнички да ја утврди состојбата на сите побарувања и обврски на банката во стечај на денот на отворањето на стечајната постапка на банка и записниците да и ги доставаат на Народната банка.
(2) Записниците од ставот (1) на овој член Народната банка ги проверува и е должна да му ги достави на судот кој ја води стечајната постапка и на Фондот за осигурување на депозити, најдоцна во рок од десет дена по приемот.

Член 162

(1) Рокот за пријавување на побарувањата на доверителите, одреден со решението на судот за отворање на стечајна постапка на банка, не може да биде подолг од 20 дена.
(2) Рокот од ставот (1) на овој член не се однесува на побарувањата на правни и физички лица по основ на депозити во банката и се сметаат за пријавени со денот на отворање на стечајната постапка на банката.
(3) Доколку Народната банка е доверител во стечајна постапка на банка, еден од членовите на одборот на доверители задолжително го предлага Народната банка.

Член 163

(1) Со денот на отворањето на стечајната постапка престануваат побарувањата на физичките лица од банката во стечај по основ на депозит до висината на осигурениот износ на депозитот во согласност со Законот за Фондот за осигурување на депозити.
(2) Пред исплатата на доверителите од стечајната маса се издвојува дел на средства за трошоци на постапката, вклучувајќи ги и трошоците на банката која ги презема работите со влоговите во банка од банката во стечај.
(3) Побарувањата на Фондот за осигурување на депозити по основ на исплати на осигурени депозити се исплаќаат пред побарувањата на останатите доверители.

Член 164

Секоја продажба на имотот на банката во стечај претходно треба да биде одобрена од страна на одборот на доверители.

Член 165

(1) Во стечајна постапка над банка не се применуваат одредбите на Законот за стечај со кои се уредува постапката за реорганизација и личното управување.
(2) На правните дејствија кои се преземени во текот на траењето на администрацијата не се применуваат одредбите од Законот за стечај кои се однесуваат на побивање на правни дејствија, освен доколку со правосилна судска одлука се утврди дека со истите е сторено кривично дело.
(3) Правата стекнати од договор за кредит во крајна инстанца одобрен согласно со одредбите од Законот за Народната банка на Република Македонија, имаат правно дејство и по отворањето на стечајната постапка, не влегуваат во стечајна маса и Народната банка има право на издвоено намирување.
(4) Одредбите од Законот за стечај кои се однесуваат на побивање на правните дејствија не се применуваат во случај на право на намирување од договор за кредит во крајна инстанца и од договор за финансиски колатерал.

Член 166

Примерок од сите извештаи на стечајниот управник за економско-финансиската состојба на банката во стечај и за текот на стечајната постапка, задолжително се доставува до Народната банка.

Член 167

Доколку по завршувањето на стечајната постапка и намирување на сите побарувања на доверителите останат средства во стечајната маса, средствата се делат меѓу акционерите на банката.

XVII. ЛИКВИДАЦИОНА ПОСТАПКА

Член 168

Ликвидациона постапка во банката се спроведува кога:

1) акционерите ќе донесат одлука за престанување со работење на банката, а не постојат услови за стечај и

2) Народната банка ќе ја одземе дозволата за основање и работење на банка, а не постојат услови за стечај.

Член 169

(1) Одлуката од членот 168 став (1) точка 1 на овој закон акционерите можат да ја донесат по претходно добиена согласност од гувернерот.

(2) Барањето кое акционерите го поднесуваат до Народната банка заради добивање на согласноста од ставот (1) на овој член треба да содржи информации за:

1) причините поради кои акционерите имаат намера да донесат одлука за престанување со работење на банката;

2) висината на сопствените средства на банката на последниот датум на известување на Народната банка пред донесувањето на одлука за престанување со работење на банката и

3) процена за висината на средствата кои ќе останат по завршувањето на постапката за ликвидација на банката.

(3) По барањето за добивање на согласност од ставот (2) на овој член гувернерот одлучува во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

(4) Врз основа на барањето од ставот (2) на овој член гувернерот донесува решение за утврдување на условите за спроведување ликвидациона постапка или за одбивање на барањето доколку констатира дека имотот на банката не е доволен за намирување на сите доверители на банката.

Член 170

(1) Решение за утврдување на условите за спроведување ликвидациона постапка во банка донесува гувернерот во случаите од членот 168 на овој закон.

(2) Решението од ставот (1) на овој член Народната банка го доставува до надлежниот суд кој ја спроведува ликвидационата постапка во согласност со одредбите од Главата XVI Стечајна постапка од овој закон.

(3) Решението од ставот (1) на овој член се доставува до банката на која е отворена ликвидациска постапка, до банката којашто ја презела исплатата на осигурените депозити, Фондот за осигурување на депозити и Министерството за финансии, во рок од три дена од денот на донесувањето.

(4) Со денот на донесувањето на решението за утврдување на условите за спроведување ликвидациона постапка од страна на гувернерот, па се до денот на отворање на ликвидационата постапка од страна на надлежниот суд, заради зачувување на имотот на банката, гувернерот со решение именува најмалку еден овластен работник во банката.

(5) Правата и должностите на овластениот работник од ставот (4) на овој член се утврдуваат со решението за именување.
(6) Народната банка е должна да го објави решението од ставот (1) на овој член во средствата за јавно информирање и да го огласи на видно место во банката.

XVIII. СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Член 171

(1) Банката е должна да постапува согласно со прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.
(2) Народната банка врши супервизија на системите за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот.

XIX. ШТЕДИЛНИЦИ

Член 172

(1) Штедилниците кои се основани и работат до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да работат на начин и под услови утврдени со дозволите за основање и работење, одредбите од овој закон и поединечните акти донесени од гувернерот.
(2) На штедилниците од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од Главата I, Главата II членови 7 став (2), 10 и 11, Главата III дел 2, дел 3 член 14 став (5), дел 4, дел 5 член 18 став (5), дел 6 и дел 7, Главата VII дел 1 член 57 дел 2 и дел 3, Главата VIII делови 1, 2 и 3 членови 70, 73 и 74 ставови (1) и (2), делови 4 и 6, Главата IX членови 83, 84 и 85, делови 6 и 8, главите X, XI, XII, XIII, XIV, XV член 131 делови 1, 2, 4 и 5 и главите XVI, XVII, XVIII, XX и XXI од овој закон.
(3) По претходно добиена дозвола од гувернерот штедилниците од ставот (1) на овој член можат да направат преобразба на штедилница во банка и да ги вршат следниве статусни промени: спојување на штедилници заради основање на банка и присоединување на штедилница кон банка.
(8) Советот на Народната банка може подетално да ја утврди примената на одредбите од ставот (2) на овој член на штедилниците.

XX. ПРОЦЕДУРИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЈА, СУДСКА ЗАШТИТА И ДОСТАВУВАЊЕ

1. Процедура на донесување на решенија

Член 173

Во постапката на донесување на решенија во согласност со одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка за сé, освен ако поинаку не е определено со овој закон.

Член 174

Против решенијата на гувернерот донесени врз основа на овој закон не е дозволена жалба и истите се конечни во управна постапка.

2. Процедура на судска заштита

Член 175

Против решенијата на гувернерот донесени врз основа на овој закон може да се поведе управен спор, согласно со одредбите на Законот за управните спорови.

Член 176

(1) Тужбата против решенијата донесени врз основа на овој закон се поднесува во рок од 30 дена од приемот на решението.

(2) укинат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр.149/2008 од 11.03.2009 година.

Член 177

Тужбата против решенијата за одземање на дозвола за основање и работење, односно решенијата за утврдување на постоење на услови за отворање на стечајна постапка или услови за спроведување на ликвидациона постапка во банка, може да биде поднесена од:

1) банката и

2) акционерите чиј износ на акции изнесува најмалку една десеттина од износот на почетниот капитал предвиден во членот 14 став (1) од овој закон.

Член 178

(укинат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр.149/2008 од 11.03.2009 година)

Член 179

(1) Во постапка по тужба поднесена против одлука на гувернерот со која:

1) се воведува администрација во банка;

2) не се издава или се одзема дозволата за основање и работење на банка или

3) се утврдува постоење на услови за воведување на стечајна или ликвидациона постапка во банка,

судот ја испитува законитоста на оспорениот акт во согласност со закон.

(2) (укинат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија У.бр.228/2007 од 09.07.2008 година)

3. Процедура на доставување

Член 180

(1) Доставувањето на писменото (поканата, решението, заклучоците и на другите службени списи) се врши на следниов начин:

1) по пошта;

2) со предавање од Народната банка и

3) со јавно објавување.

(2) Доставувањето на писменото се врши според редослед утврден во ставот (1) од овој член.

XXI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

1. Кривични дела

Предизвикување стечај на банка

Член 181

(1) Тој што со своето работење ќе ги прекрши одредбите од овој закон со што ќе придонесе за отворање на стечајна постапка кај банка и ќе предизвика штета за доверителите на банката,

ќе се казни со затвор од три до десет години.

(2) Ако делото од овој член го изврши правно лице ќе се казни со парична казна.

(3) Судот ќе му изрече на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под услови определени во членот 38-б од Кривичниот законик.

Недозволена употреба на зборот банка

Член 182

(1) Тој што ќе го употреби зборот банка спротивно на членот 4 од овој закон и со тоа ќе предизвика штета на други лица

ќе се казни со затвор од пет до десет години.

(2) Ако делото од овој член го изврши правно лице ќе се казни со парична казна.

(3) Судот ќе му изрече на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под услови определени во членот 38-б од Кривичниот законик.

Недозволено примање депозити

Член 183

(1) Тој што ќе прими депозити спротивно на членот 5 од овој закон и со тоа ќе предизвика штета на други лица

ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(2) Ако делото од овој член го изврши правно лице ќе се казни со парична казна.

(3) Судот ќе му изрече на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под услови определени во членот 38-б од Кривичниот законик.

2. Прекршоци и прекршочни санкции

Член 184

(1) За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Народната банка.
(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Народната банка ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочната комисија), формирана од вработени лица во Народната банка кои ги именува гувернерот.
(3) Гувернерот со подзаконски акт го определува бројот, потребниот степен на стручна подготовка и работното искуство на членовите на Прекршочната комисија.
(4) Членовите на Прекршочната комисија се избираат за времетраење од пет години, со право на реизбор.
(5) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник со положен правосуден испит.
(6) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа, кој претходно е одобрен од гувернерот.

Член 185

(1) Член на Прекршочната комисија може да се разреши:
1) со истекот на времето за кое е именуван за член;
2) по негово барање;
3) со исполнување на услови за старосна пензија во согласност со закон;
4) ако му се утврди трајна неспособност;
5) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна одлука;
6) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија или
7) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случаи за кои решава Прекршочната комисија.
(2) Предлогот за разрешување на член на Прекршочната комисија се поднесува до гувернерот.
(3) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работењето и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.
(4) Одлуката на Прекршочната комисија се смета за донесена кога за неа гласале мнозинството членови на Прекршочната комисија.

Член 186

(1) За сторените прекршоци од овој закон, лицата кои од гуверенерот се овластени да вршат супервизија на банка се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за издавање на прекршочен платен налог, пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка.

(2) Доколку овластеното лице констатира прекршок, составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Записникот го потпишува овластеното лице и сторителот.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, ако овластеното лице прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, односно со податоци од службена евиденција, записникот го потпишува само овластеното лице.

(4) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако овластеното лице прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, овластеното лице веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.

(5) Прекршочниот платен налог содржи: лични податоци на сторителот на прекршокот, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(6) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(7) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(8) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член, овластеното лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија на Народната банка.

(9) Овластените лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот (4) на овој член и за исходот на покренатите постапки.

(10) Во евиденцијата од ставот (9) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(11) Личните податоци од ставот (10) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(12) Советот на Народната банка ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 187

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе и се изречe за прекршок на банка, доколку:

1) не објави копија од решението на гувернерот за издавање дозвола за основање и работење на банката, важечките каматни стапки, општите услови за работење со депозити на физички лица и видот и износот на гаранцијата за депозитите на физички лица (член 11);

2) во рок од 15 дена по уписот во трговскиот регистар не достави примерок од решението за регистрација до Народната банка (член 26);

3) не ја извести Народната банка за случаите и во роковите од членот 61 од овој закон;

4) неточно или ненавремено ја известува Народната банка за податоците и информациите определени согласно со членовите 64 став (3), 65-е став (2), 68, 69 став (2), 71 став (8) и 72 став (3) од овој закон;

5) не доставува и не објавува извештаи и податоци согласно со членовите 101, 102 ставови (6) и (7), 103 став (2) и 110 ставови (1) и (2) од овој закон;

6) не ги објави извештаите и податоците од членот 110 став (3) од овој закон согласно со роковите предвидени со овој член;

7) за потребите на консолидираната супервизија не доставува извештаи за банкарската група согласно со членот 122 од овој закон и

8) не врши консолидација или не известува или известува спротивно на членовите 123, 124 став (3), 125 ставови (5) и (6) и 126 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за банката ќе му се изречe за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во банката.

Член 187-а

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изречe за прекршок на штедилница, доколку:

1) не објави копија од решението на гувернерот за издавање дозвола за основање и работење на банката, важечките каматни стапки, општите услови за работење со депозити на физички лица и видот и износот на гаранцијата за депозитите на физички лица (член 11);

2) во рок од 15 дена по уписот во трговскиот регистар не достави примерок од решението за регистрација до Народната банка (член 26);

3) не ја извести Народната банка за случаите и во роковите од членот 61 од овој закон;

4) не доставува и не објавува извештаи и податоци согласно со членовите 101, 102 ставови (6) и (7), 103 став (2) и 110 став (1) од овој закон;

5) не ги објави извештаите и податоците од членот 110 став (3) од овој закон согласно со роковите предвидени со овој член;

6) за потребите на консолидираната супервизија не доставува извештаи за банкарската група согласно со членот 122 од овој закон и

7) не врши консолидација или не известува или известува спротивно на членовите 123, 124 став (3), 125 ставови (5) и (6) и 126 став (1) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за штедилницата ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во штедилницата.

Член 187-б

(1) Глоба во износ од 15.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на банка, доколку:
1) директно извршува работи од областа на индустријата, трговијата или друга нефинансиска активност (член 7 став (2));
2) не издаде документ или не води евиденција за секоја уплата и исплата од депозитна сметка (член 10);
3) работите од членот 57 став (1) точки 1, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој закон ги направила без претходна согласност од гувернерот;
4) изврши налог за купување, односно трансакција со акции на банка за кои не е презентирана согласност од гувернерот (член 59 став (3));
5) постапува спротивно на членовите 71 ставови (6) и (7) и 74 ставови (1) и (2) од овој закон;
6) изврши откуп на сопствени акции спротивно на или не ги отуѓи сопствените акции согласно со членовите 75 и 76 од овој закон;
7) вложува спротивно на членот 78 ставови (1) и (5) од овој закон;
8) не се одржи собрание на банката во роковите или не се достават соодветните податоци согласно со членот 87 од овој закон;
9) надзорниот одбор и управниот одбор не ги вршат работите од членовите 89 став (3), 93 и 99 став (1) од овој закон;
10) не определи друштво за ревизија согласно со членот 105 од овој закон;
11) банкарската тајна не биде чувана и заштитена или не биде соопштена согласно со членови 111 и 112 од овој закон и
12) за потребите на супервизијата на банката не ги обезбеди извештаите, информациите и другите податоци утврдени со членот 117 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за банката ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во банката.

Член 187-в

(1) Глоба во износ од 7.500 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на штедилница, доколку:
1) директно извршува работи од областа на индустријата, трговијата или друга нефинансиска активност (член 7 став (2));
2) не издаде документ или не води евиденција за секоја уплата и исплата од депозитна сметка (член 10);

3) работите од членот 57 став (1) точки 1, 3, 4, 5, 6, 7 и 9 од овој закон ги направила без претходна согласност од гувернерот;
4) постапува спротивно на членовите 71 ставови (6) и (7) и 74 ставови (1) и (2) од овој закон;
5) изврши откуп на сопствени акции спротивно на или не ги отуѓи сопствените акции согласно со членовите 75 и 76 од овој закон;
6) не определи друштво за ревизија согласно со членот 105 од овој закон;
7) банкарската тајна не биде чувана и заштитена или не биде соопштена согласно со членовите 111 и 112 од овој закон и
8) за потребите на супервизијата на банката не ги обезбеди извештаите, информациите и другите податоци утврдени со членот 117 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за штедилницата ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во штедилницата

Член 188

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на:
1) брокерска куќа ако изврши налог за купување, односно трансакција со акции на банка за кои не е презентирана согласност од гувернерот (член 59 став (3));
2) правно лице односно трговец поединец кое ќе стекне акции во банка спротивно на начинот и условите пропишани со членот 59 од овој закон;
3) правно лице односно трговец поединец ако најмалку еден месец пред да се реализира намалувањето на учеството, директно или индиректно од вкупниот број на акции или вкупниот број на издадени акции со право на глас во банка го намали под 5%, 10%, 20%, 33%, 50% или 75% во банката, а не ја извести Народната банка (член 62);
4) правно лице односно трговец поединец ако склучи договор со кој се здружуваат правата на глас од акциите во банката, а не ја извести Народната банка во рок од пет дена од склучувањето на договорот (член 62 став (2));
5) друштво за ревизија ако изврши ревизија спротивно на членовите 105 став (5) и 106 од овој закон и не доставува известувања согласно со членовите 107 и 108 ставови (1), (2), (3) и (4) од овој закон;
6) финансиско холдинг друштво постапува спротивно на одредбите од членовите 118 став (7), 124 и 126 став (2) на овој закон;
7) правно лице кое е подредено лице согласно со одредбите од овој закон, ако не постапи согласно со членовите 124 и 126 став (2) од овој закон и
8) правното лице од членот 125 ставови (1) и (2), ако не постапи согласно со членот 125 став (4) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно трговец поединец ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговец поединец.

Член 188-а

Глоба во износ од 200.000 евра во денарска противвредност ќе се изречe за прекршок на акционер - правно лице, односно трговец поединец, доколку не даде овластување на Народната банка во рокот пропишан со решение на гувернерот (член 137 став (4)).

Член 189

(1) Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изречe за прекршок на лице со посебни права и одговорности во банката, доколку:

1) утврди дека одлука на орган на банката е во спротивност со закон, а не го извести надзорниот одбор и Народната банка (член 84);

2) не ја извести Народната банка согласно со членот 94 ставови (5) и (6) од овој закон и

3) не постапува или постапува спротивно на одредбите за судир на интереси од членот 100 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изречe за прекршок на одговорното лице во Службата за внатрешна ревизија, доколку:

1) не изработи полугодишен и годишен извештај и не ги достави до надзорниот одбор, управниот одбор и одборот за ревизија (член 97 став (1)) и

2) не ги извести надзорниот одбор и управниот одбор согласно со членот 98 од овој закон.

(3) Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изречe за прекршок на лицето за контрола на усогласеноста на работењето на банките со прописите, односно на одговорното лице во службата за контрола на усогласеноста на работењето на банките со прописите, доколку не поднесе месечен извештај до управниот одбор и полугодишен извештај до надзорниот одбор (член 99 став (5)).

(4) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изречe за прекршок на лице со посебни права и одговорности во штедилница, доколку не постапува или постапува спротивно на одредбите за судир на интересите од членот 100 од овој закон.

Член 189-а

Глоба во износ од 60.000 до 100.000 евра во денарска противвредност ќе се изречe за прекршок на акционер - физичко лице, доколку не даде овластување на Народната банка во рокот пропишан со решение на гувернерот (член 137 став (4)).

Член 190

Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изречe за прекршок на физичко лице, доколку:

1) стекне акции во банка спротивно на начинот и под условите пропишани со членот 59 од овој закон;

2) најмалку еден месец пред да се реализира намалувањето на учеството, директно или индиректно, од вкупниот број на акции или вкупниот број на издадени акции со

право на глас во банка го намали под 5%, 10%, 20%, 33%, 50% или 75% во банката, а не ја извести Народната банка (член 62) и
3) склучи договор со кој се здружуваат правата на глас од акциите во банката, а не ја извести Народната банка во рок од пет дена од склучувањето на договорот (член 62 став (2)).

Член 190-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, односно трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.

Член 191

(1) Постапката за прекршоците предвидени со овој закон не може да се води ако поминат три години од денот на сторувањето на прекршокот.
(2) Рокот за застарувањето се прекинува со секое процесно дејствие на Народната банка што се презема заради гонење на сторителот на прекршокот.
(3) Со секое прекинување на рокот од ставот (2) на овој член застареноста почнува одново да тече, но прекршочната постапка не може да се поведе ниту понатаму да се води по истекот на шест години од денот кога прекршокот е сторен.

Член 192

Казнените одредби од овој закон се однесуваат и на странски лица кои делото го сториле на територијата на Република Македонија и на филијали на странски банки, како и на одговорните лица во филијалите на странски банки.

XXII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 193

(1) Банките кои се основани и работат до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат со работа на начин и под условите утврдени со дозволите за основање и работење и поединечните акти донесени од гувернерот.
(2) Банките се должни да се усогласат со одредбите од овој закон што се однесуваат на статутот, висината на почетниот капитал, финансиските активности и органите на банка најдоцна во рок од 18 месеца од денот на неговото влегување во сила.
(3) Банките се должни најдоцна 12 месеца пред истекот на рокот од ставот (2) на овој член, да поднесат до Народната банка барање за издавање согласност за усогласување на статутот, барање за издавање согласност за постојните или именување на нови членови на надзорен одбор и барање на согласност за усогласување на финансиските активности за кои согласно со овој закон е потребна претходна согласност.
(4) Гувернерот ја одзема дозволата за основање и работење на банките кои во рокот од ставот (2) на овој член нема да се усогласат, односно нема да добијат согласност за

статутот и за членовите на надзорниот одбор или не ја усогласат висината на почетниот капитал.
(5) Членовите на работоводниот орган на банката кои ја извршуваат оваа функција до влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да ја извршуваат функцијата членови на управен одбор на банката согласно со одредбите од овој закон, без согласност од гувернерот само до истекот на рокот за кој е издадена согласноста за нивно именување за членови на работоводниот орган на банката.
(6) Постојните акционери со квалификувано учество во банка се должни, заради усогласување со одредбите од овој закон што се однесуваат на стекнување на акции во банка, до Народната банка да поднесат барање за добивање согласност во рок од четири месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 194

(1) Барањата за издавање на дозволи за основање и работење на банка и за издавање на согласности поднесени до Народната банка пред влегувањето во сила на овој закон ќе бидат завршени според одредбите на Законот за банките ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/2000, 103/2000, 37/2002, 51/2003 и 85/2003).
(2) До укинувањето на одлуката за именување на повереник или воведување на привремена управа во банка, донесена пред влегувањето во сила на овој закон, повереникот и привремениот управник правата и надлежностите ги извршуваат во рамките на одлуката на Народна банка и според одредбите на Законот за банките ("Службен весник на Република Македонија" број 63/2000, 103/2000, 37/2002, 51/2003 и 85/2003).
(3) Стечајните постапки и постапките за ликвидација на банка кои се покренати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе бидат довршени според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 195

Одредбите од Главата IV Филијали на банки од земји членки на Европската унија од овој закон ќе почнат да се применуваат од денот на полноправното членство на Република Македонија во Европската унија. До стекнување на полноправното членство на Република Македонија во Европската унија, на филијали на банки од земји членки на Европската унија се применуваат одредбите од Главата V Филијали на странски банки од овој закон.

Член 196

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за банките ("Службен весник на Република Македонија" број 63/2000, 103/2000, 37/2002, 51/2003 и 85/2003), освен одредбите од членот 122 кои се однесуваат на Главата ИИ Штедилници од Законот за банките и штедилниците ("Службен весник на Република Македонија" број 31/93, 78/93, 17/96, 37/98 и 25/2000).

Член 197

Подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон Народната банка е должна да ги донесе во рок од девет месеца од влегувањето во сила на овој закон, освен подзаконските акти во врска со Главата V Филијали на странски банки кои е должна да ги донесе во рок од три месеца од влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

(Закон за изменување и дополнување на Законот за банките ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/2009))

Побарувањата на правни и физички лица по основ на депозити во банка во постапките на стечај и ликвидација започнати до денот на влегување во сила на овој закон се сметаат за пријавени.

Член 198

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Член 51

Одредбите од членот 13 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Член 52

Народната банка по службена должност, без поднесување на барање од банките, ќе ги усогласи дозволите за основање и работење на банките во делот кој се однесува на финансиските активности, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 53

(1) На јавните берзански аукции за продажба на акции што се објавени до денот на влегувањето во сила на овој закон се применуваат одредбите од овој закон.

(2)Дивидендата што до денот на влегувањето во сила на овој закон не е исплатена на акционер чии акции се продаваат на јавна берзанска аукција согласно со решението на гувернерот од членот 137 став (3) од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" број 67/2007, 90/2009 и 67/10), со денот на влегувањето во сила на овој закон се распределува во општата резерва на банката.

Член 54

(1)Штедилниците основани во Република Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон можат да извршат преобразба во банка или во финансиско друштво или статусна измена за присоединување на штедилница кон банка. При преобразбата,

штедилниците можат да направат статусна измена спојување на штедилници за формирање на банка.
(2)Преобразба на штедилница во банка или финансиско друштво значи реорганизирање на штедилница во банка или финансиско друштво без да се спроведе постапка на ликвидација.
(3)Присоединување на штедилница кон банка значи кога една или повеќе штедилници ќе се присоединат кон банка, со пренос на целокупниот имот и обврските на штедилницата, односно штедилниците кои се присоединуваат без да се спроведе нивна ликвидација, во замена за акции на банката што презема.
(4)Спојување на штедилници заради формирање на банка значи спојување на две или повеќе штедилници, без да се спроведе ликвидација, со основање на банка на која преминува целокупниот имот и обврски од штедилниците што се спојуваат, во замена за акциите на банката која се основа.
(5)При спроведувањето на статусните промени од ставовите 3 и 4 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Главата III дел 6 од Законот.
(6)При спроведување на преобразбата на штедилница во банка соодветно се применуваат одредбите од Главата III од Законот.

Член 55

(1)За статусна измена или преобразба на штедилница во банка потребна е дозвола од гувернерот на Народната банка.
(2)По барањето за статусна измена или преобразба на штедилница во банка, гувернерот донесува решение за издавање на дозволата или за одбивање на барањето во роковите определени со членот 22 став (3) од Законот.

Член 56

Народната банка ја пропишува постапката и документацијата за издавање на дозвола за статусна измена и/или преобразба на штедилница во банка од членот 56 од овој закон.

Член 57

(1)За преобразба на штедилница во финансиско друштво потребна е согласност од гувернерот на Народната банка.
(2)По барањето за преобразба на штедилница во финансиско друштво, гувернерот донесува решение за издавање на согласност или за одбивање на барањето во роковите определени со членот 22 став (3) од Законот.

Член 58

(1)Кон барањето за издавање на согласност за преобразба на штедилница во финансиско друштво, штедилницата до Народната банка ја доставува следнава документација:

1) одлука за преобразба;
2) доказ за известување на јавноста објавено најмалку во еден дневен весник, за одлуката за преобразба на штедилницата во финансиско друштво, со кое се информира јавноста дека штедилницата нема повеќе да прибира штедни влогови;
3) доказ дека штедилницата извршила исплата на вкупниот износ на депозити или дека ги пренела депозитите на друга банка основана и со седиште во Република Македонија;
4) договор меѓу штедилницата и банката кај која се пренесени депозитите со кој банката се обврзува дека на депонентите на штедилницата ќе им обезбеди повлекување на нивните депозити во кое било време и/или дека ќе продолжи да ги извршува правата и обврските од пренесените депозити, согласно со условите договорени меѓу депонентот и штедилницата, а кои банката може да ги промени само по претходно писмено известување на депонентот и
5) доказ дека штедилницата ги известила депонентите за преносот на депозитите и за начинот на кој можат да ги повлечат депозитите.
(2)Гувернерот донесува решение за издавање согласност за преобразба на штедилницата во финансиско друштво, доколку утврди дека штедилницата целосно ги исплатила или ги пренела во банка прибраните депозити.
(3)Од денот на поднесувањето на барањето од ставот 1 на овој член штедилницата не смее да прибира депозити.
(4)Народната банка го известува Министерството за финансии за издадената согласност од ставот 2 на овој член во рок од три дена од денот на донесувањето на решението за издавање на согласност. Кон известувањето се приложува и примерок од решението.
(5)Штедилницата е должна во рок од пет дена од денот на добивањето на согласноста од ставот 2 на овој член до Министерството за финансии да поднесе барање за издавање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво согласно со Законот за финансиски друштва. Кон барањето задолжително го приложува и решението од ставот 2 на овој член.
(6)Доколку Министерството за финансии по барањето од ставот 5 на овој член издаде дозвола за основање и работа на финансиско друштво, во рок од пет дена од денот на донесувањето на решението за издавање на дозволата ја известува Народната банка и Централниот регистар на Република Македонија. Кон известувањето се приложува и примерок од решението.
(7)По добивањето на известувањето од ставот 6 на овој член, гувернерот донесува решение за одземање на дозволата за основање и работење на штедилница, за што го известува Централниот регистар во рок од пет дена од денот на донесувањето на решението. Кон известувањето се приложува и примерок од решението.
(8)За да изврши упис на преобразба на штедилница во финансиско друштво, финансиското друштво е должно во Централниот регистар, покрај документацијата

за упис во регистарот пропишана со Законот за финансиски друштва, да го приложи и решението од ставот 7 на овој член.
(9)Доколку Министерството за финансии го одбие барањето од ставот 5 на овој член, ја известува Народната банка во рок од пет дена од денот кога решението за одбивање на барањето станало конечно. Кон известувањето се доставува и примерок од решението.
(10)Доколку штедилницата не добие дозвола за основање и работа на финансиско друштво од Министерството за финансии, гувернерот ќе донесе решение за одземање на дозволата за основање и работење на штедилница и за исполнување на условите за отворање на стечајна или ликвидациона постапка.

Член 59

Подзаконските акти согласно со овој закон, Народната банка ќе ги донесе во рок од 90 дена од влегувањето во сила на овој закон.

Член 60

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на република македонија“

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15)

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на република македонија“

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ („Службен весник на Република Македонија“ бр.153/15)

Член 10

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на република македонија“

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ („Службен весник на Република Македонија“ бр.190/16)

Член 42

(1) Банките се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Независните членови на надзорните органи на банката назначени до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да ги вршат своите функции до истекување на мандатот за кој се назначени.

Член 43

Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од пет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 44

Одредбите од членот 9 со кој во членот 65 се додава нов став (2) и во членот 10 со кој се додаваат осум нови члена 65-а, 65-б, 65-в, 65-г, 65-д, 65-ѓ, 65-е и 65-ж од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 март 2017 година.

Член 45

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.